# СОДРЖИНА

*ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ*

- **Поврат на ДДВ на нерезиденти........................................5**

*ФИНАНСИИ*

- **Начин на пресметка на казнена затезна камата (за период од 01.07 до 31.12.2021)................................23**

*ДЕВИЗНО РАБОТЕЊЕ*

- **Регистрација на директни инвестиции на резиденти и нерезиденти..........................................40**

*ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА*

- **Управување со пакување и отпад од пакување......................................................53**

*НЕСТОПАНСТВО*

- **Користење и одржување на службени возила во јавниот сектор..............................................70**

*ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ*

- **Плати за месец Септември 2021 година…....……..............83**

*ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ*

- **Коефициент на МДБ за Август 2021 година ...................104**
- **Коефициент на пораст на цените за Август 2021 година ...................................................105**
- **Референтна каматна стапка за период од 01.01 до 31.12.2021 година..........................................107**
- **Цени на гориво……………….........................................109**
- **Курсни листи ......................................................119**
- **Рокови за поднесување во Септември 2021 година .........126**

*ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ......................................129*

# ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

дипл.економист Ромео Костадинов

## ПОВРАТ НА ДДВ НА НЕРЕЗИДЕНТИ

***Правото на поврат на претходен ДДВ, од промет од територија на РСМ, можат да остварат и нерезиденти (нерегистрирани за ДДВ во РСМ), под посебни услови и врз основа на реципроцитет.***

***ВОВЕД***

Со Законот за данокот на додадена вредност ("Службен весник на РМ" 44/99...267/20), се регулира оданочувањето на прометот од страна на регистрирани ДДВ обврзници.

Согласно одредбите од член 2 од Законот за ДДВ, предмет на оданочување со ДДВ, претставува:

1. Прометот на добра и услуги, кој се врши со надоместок во земјата од страна на даночниот обврзник во рамките на неговата стопанска дејност и
2. Увозот на добра.

Регистриран ДДВ статус (даночен обврзник за ДДВ), се стекнува врз основ на исполнување на условите од Законот за регистрација на ДДВ обврзник.

Сите даночни обврзници, чиј вкупен промет во изминатата календарска година, надминал износ од 2.000.000 МКД, или чиј вкупен промет се предвидува на почетокот од вршењето на стопанската дејност или во текот на годината, го надмине износот, обврзани се за регистрација за ДДВ.

Од 01.01.2015 година, прагот на регистрација за ДДВ обврзници, изнесува 1.000.000,00 денари, за да од 01.01.2020 се искачи на 2.000.000 МКД, врз основа на кој критериум и физичките лица, кои остваруваат оданочив промет, подлежат на задолжителна регистрација за ДДВ.

Во прагот на регистрација не се вклучува прометот, кој е ослободен од ДДВ, без право на одбивка на претходен ДДВ, согласно одредбите од член 23 од Законот, како и прометот за кој не е предвидено оданочување со ДДВ.

Карактеристичен промет, кој не влегува во прагот на регистрација е претставен преку прометот за изнајмување на станови за станбени цели, продажба на употребувани автомобили и друг вид на промет, согласно законот.

Ако даночниот обврзник ја вршел својата дејност само во еден дел од календарската година, фактичкиот вкупен промет се пресметува на ниво на вкупен промет за целата календарска година. Пример за шест месеци работење остварил 1.200.000 МКД, субјектот подлежи на регистрација (1.200.000/6x12 = 2.400.000 – над 2 милиони остварен промет).

Резиденти во земјата, кои не се обврзани за регистрација (не оствариле промет над 2 милиони МКД), не должат ДДВ за прометот на добра и услуги извршени од нив.

Тие не се овластени да искажуваат ДДВ во фактурите или во други документи и немаат право на одбиток на претходен ДДВ, се до момент на регистрација за ДДВ.

Даночните обврзници можат доброволно да се регистрираат за ДДВ од почетокот на секоја календарска година, до 15.01, со поднесување на ДДВ 01.

Надлежниот даночен орган го врши уписот во регистарот на обврзници на ДДВ, од почетокот на тековната календарска година и издава решение на даночните обврзници.

Ако даночниот обврзник започнал да ја врши својата дејност, во текот на календарската година, регистрацијата се врши со започнувањето на вршењето на дејноста.

Под започнување на вршење на дејноста, се подразбира, првото вршење на активност на даночниот обврзник, како прва извршена набавка на добра (основни средства, трговска стока и друго) користена услуга (закуп, истражување на пазар и друго) и извршен промет на добра или услуга.

Ако во текот на годината, даночниот обврзник го надмине износот на остварен вкупен промет од 2.000.000 денари, регистрацијата се врши до 15-ти во месецот, по истекот на месецот, во кој е остварен прометот.

Промет на добра (член 3), претставува пренос на право-то на располагање, со движен или недвижен материјален имот.

Како промет на добра, се смета и прометот на:

1. Електрична енергија, гас, греење и разладување;

2. Добра врз основа на договор за лизинг, според кој правото на сопственост преминува на корисникот на лизингот, најдоцна со исплатата на последната рата;

3. Добра од консигнационен склад;

4. Добра при испорака на комисионерот од страна на сопственикот и испораката на добра од страна на комисионерот на примателот на добрата;

5. Пренос на сопственост на добра врз основа на закон или налог издаден од или во име на орган на јавната власт;

6. Добра произведени или составени од материјали или елементи кои ги набавил испорачателот, кај кои не се работи само за додатоци или за други споредни предмети, важи и во случај на изградба на недвижности;

7. Добра од страна на закупецот кон закуподавачот, при инвестициско вложување во објект на закуподавачот извршен од страна на закупецот, освен вложување кое се однесува на тековно (редовно) одржување на објектот, кога објектот се користи за вршење на стопанската дејност на закупецот.

8. Добра земани за лични потреби на даночниот обврзник или на вработените лица кај него или за други цели кои не се поврзани со неговата стопанска дејност, а кои се дел од имотот на претпријатието;

9. Добра без надомест од страна на трговски друштва и други здруженија на лица спрема нивните сопственици на влог, спрема членовите и спрема нив блиски лица;

10. Задржани добра од страна на даночниот обврзник или од лицето кое стапува на негово место, по престанувањето со вршењето на стопанската дејност и

11. Добра без надомест од страна на закупецот кон закуподавачот, во случај на инвестициско вложување во објект на закуподавачот извршен од страна на закупецот, освен вложување кое се однесува на тековно (редовно) одржување на објектот, во случај кога објектот се користи за вршење на стопанската дејност на закупецот.

Промет на услуги, претставува секоја дејност која не е промет на добра (член 3), а промет на услуги, претставува и:

1. Вршењето услуга врз основа на закон или налог издаден од или во име на орган на јавната власт;

2. Преземањето обврска за делумно или целосно воздржување од вршење на некоја дејност или да се трпи некое дејствие или состојба;

3. Преносот и отстапувањето на авторски права, патенти, лиценци, заштитни знакови и слични права;

4. Предавањето на јадења и на пијалаци за консумација на лице место и

5. Прометот на услуги од страна на закупецот кон закуподавачот, во случај на инвестициско вложување во објект на закуподавачот извршен од страна на закупецот, освен вложување кое се однесува на тековно (редовно) одржување на објектот, во случај кога објектот се користи за вршење на стопанската дејност на закупецот.

4. Користењето добра кои се дел од имотот на претпријатието за лични потреби на даночниот обврзник, или на вработените лица кај него, или за други цели кои не се поврзани со неговата стопанска дејност;

5. Вршењето услуги без надоместок од страна на даночниот обврзник за негови лични потреби, за потребите на вработените лица кај него или за други цели кои не се поврзани со неговата стопанска дејност;

6. Вршењето услуга без надоместок од страна на трговски друштва и други здруженија на лица спрема нивните сопственици на влог, спрема членовите или спрема ним блиски лица и

7. Промет на услуги без надомест од страна на закупецот кон закуподавачот, во случај на инвестициско вложување во објект на закуподавачот извршен од страна на закупецот, освен вложување кое се однесува на тековно (редовно) одржување на објектот, во случај кога објектот се користи за вршење на стопанската дејност на закупецот.

## *2. МЕСТО НА ПРОМЕТ - ПРОМЕТ ВО ЗЕМЈАТА*

Поимот “во земјата” во смисла на Законот за ДДВ, ја претставува територијата на РС Македонија, со исклучок на слободните зони, царинските зони и царинските складови.

Прометот наменет за крајна потрошувачка во слободни зони, царински зони или царински складови, ќе се смета за промет остварен во земјата, за кој примателот на прометот нема право на одбивка на претходен данок, односно:

1. прометот спрема лица, кои не се даночни обврзници;

2. прометот спрема даночни обврзници, во смисла на членот 51 став 3 од законот (немаат промет над 2 милиони МКД), доколку истите не се регистрирале доброволно за ДДВ;

3. прометот спрема даночни обврзници кои го користат овој промет, заради извршување промет ослободен од данок според членот 23 од законот и

4. прометот спрема даночни обврзници, кој доведува до исклучување на правото на одбивка на претходниот данок според членот 35 точки 2 до 6 од законот (патнички автомобили и мопеди, издатоците за сместување во хотели или слични објекти за исхрана).

За место на прометот на добра се смета:

1. Местото каде што доброто се наоѓа во времето на прометот, кога доброто не се превезува или испраќа;

2. Местото каде што доброто се наоѓа кога започнува превозот или испраќањето, во случај кога доброто се превезува или испраќа од страна на испорачателот, примателот или од страна на трето лице;

3. Местото каде што доброто се монтира или инсталира во случаите кога доброто се монтира или инсталира од страна на испорачателот или од друго лице во негово име и

4. Местото каде што доброто е примено, во случај на испорака на електрична енергија, гас, греење и разладување.

За место на прометот на услуги се смета местото каде што вршителот на услугата има вистинско седиште или подружница од каде услугата вистински се извршува. Ако такво место не постои, за место на прометот на услуги се смета местото каде што лицето кое ја врши услугата има свое постојано живеалиште или престојувалиште.

По исклучок за место на прометот на услуги се смета:

1. Делницата или дел од истата, по која се извршува превозот;

2. Местото каде што се наоѓа недвижниот имот, кога се работи за услуга во врска со тој имот, вклучувајќи го посредувањето во прометот со недвижности, проценката на имот, подготовката, изведувањето и надзорот на градежни работи;

3. Местото каде што услугата вистински се извршува кога се работи за следните услуги:

а) културни, уметнички, научни, образовни, спортски, забавни, или слични услуги, вклучувајќи ги услугите на организаторите на тие услуги;

б) проценка на движни материјални добра, вклучувајќи го давањето стручно мислење за движните материјални добра;

в) работи што се вршат на движни материјални добра и

г) помошни превозни услуги како натовар, истовар, претовар, складирање, или други услуги кои на вообичаен начин се поврзани со превозот и

4. Местото на прометот во кое е извршено посредување, во случај на посреднички услуги.

По исклучок, за место на прометот на услугата се смета местото во кое корисникот на услугата има вистинско седиште или подружница за кои услугата била вистински извршена или, доколку такво место не постои, неговото постојано живеалиште или престојувалиште, кога се работи за следните услуги:

1. Услуги на полето на рекламата и работа со јавноста;

2. Банкарски и финансиски услуги и услуги на осигурување и реосигурување, освен изнајмувањето сефови;

3. Преземање обврска за делумно или целосно воздржување од вршење или трпење на дејствие, или состојба;

4. Правен, економски и технички консалтинг, особено дејностите на нотари, адвокати, ревизори, даночни советници, сметководители и инженери, како и други слични дејности;

5. Услуги на електронска обработка на податоци и давање информации, вклучувајќи know-how и експертиза;

6. Обезбедување персонал;

7. Изнајмување движен материјален имот, освен на сите видови превозни средства;

8. Телекомуникациски услуги;

9. Пренос и отстапување авторски права, патенти, лиценци, заштитни знакови и други слични права;

10. Услуги на посредување во врска со напред наведените услуги од член 14 став 3.

11. Обезбедување на пристап до мрежата на електрична енергија во случај на загушување на соодветна алокациска единица, при доделување на прекуграничните преносни капацитети на интерконективните водови.

Заради избегнување на двојно оданочување, неоданочување или нарушување на конкуренцијата, министерот за финансии го утврдува местото на вршењето на одделните услуги според тоа каде била искористена услугата.

За увоз на добра во смисла на законот се смета :

1. Внесување на добра преку царинска линија на РСМ и

2. Внесувањето добра од слободните зони, царинските зони и царинските складови во земјата.

По исклучок, за увоз на добра не се смета, прометот на добра со статус на домашна стока, согласно со Царинскиот закон, кој се врши со надоместок, а кои се превезуваат или испраќаат од слободните зони во земјата и истиот се смета за промет остварен во земјата.

### *3. ОДБИВКА НА ПРЕТХОДНИОТ ДАНОК*

Претходен данок е износот за кој се намалува данокот на додадена вредност, што се должи за извршениот промет, за одреден даночен период.

Согласно одредбите од член 33 од Законот за ДДВ, претходниот данок, се однесува на:

1. ДДВ за прометот кој е извршен спрема даночниот обврзник, од страна на други даночни обврзници;

2. ДДВ за плаќања, кои даночниот обврзник ги извршил за промет, во смисла на точка 1 од овој став, кој сеуште не е извршен спрема него (аванси) и

3. ДДВ кој е платен за увозот на добра.

Правото на одбивка, од член 33 на законот, може да се оствари (член 34):

1. Ако даночниот обврзник ги употребува набавените или увезените добра, односно примените услуги за цели на неговата стопанска дејност;

2. Врз основа на фактура која е издадена во согласност со членовите 53 и 53-б од законот, или царинска декларација, во која е посебно искажан платениот данок за увозот или актите и Извештаите од членот 53 став (2) од законот и ако тие документи се евидентирани во книговодството на даночниот обврзник.

Правото на одбивка на претходниот данок настанува во моментот, во кој се исполнети сите услови според член 33 и според став 1 од член 34.

Министерот за финансии се овластува да донесе поблиски прописи во врска со тоа, во кои случаи и под кои услови може, за цели на поедноставување на правото на одбивка на претходниот данок, да се откаже од обврската на издавање фактура во смисла на член 53 на законот или на поединечни податоци во истата.

Правото на одбивка според член 33 на законот може да се оствари и ако даночниот обврзник ги употребува набавените или увезените добра, односно применените услуги за инвестициски вложувања во објектот на закуподавачот, во случај кога објектот се користи за вршење на стопанската дејност на даночниот обврзник, кој е закупец.

За инвестициски вложувања се сметаат вложувањата во објектот извршени од страна на закупец, кои се однесуваат на: градење, реконструкција, адаптација, надградба и доградба со кои се зголемува вредноста на закупениот објект.

Правото на одбивка на претходниот данок настанува во моментот, во кој се исполнети сите услови според членовите 33 и 34 став 1.

### *4. ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ОДБИВКА НА ПРЕТХОДЕН ДАНОК*

Даночниот обврзник, нема право на одбиток на претходниот данок за:

1. Набавки или увозот на добра и користењето услуги за цели на прометот:

а) ослободен од данок според член 23 на законот или

б) во странство кој би бил ослободен од данок според член 23 од законот, ако би се извршувал во земјата;

2. Набавки, производство и увоз на велосипеди, моторни возила со помалку од четири тркала (категорија L), возила за превоз на патници, кои, покрај седиштето на возачот, имаат најмногу до осум седишта и чија најголема маса не надминува 3500 кг (категорија М1), исклучувајќи ги возилата за комбиниран превоз, летала, пловни објекти, како и резервни делови, гориво и потрошен материјал за нив, нивно изнајмување, одржување и поправка и за други услуги поврзани со нивно користење. Ова не важи во случаите, кога даночниот обврзник ги користи превозните средства или другите добра во календарската година исклучиво за следниве дејности:

а) промет со наведените превозни средства и други средства,

б) изнајмување на наведените превозни средства,

в) превоз со наведените превозни средства,

г) обука на возачи со нив,

д) одржување и поправка на наведените превозни средства и други добра;

3. Расходи за репрезентација на претпријатието или на сопственикот (гостење, подароци, одмор, рекреација и разонода);

4. Набавки или увоз на фрижидери, аудио и видео апарати, теписи и уметнички предмети со кои се опремуваат своите административни простории;

5. Издатоци за превоз на лица;

6. Издатоци за сместување во хотели или слични објекти и за исхрана со исклучок на издатоци за кетеринг за лица ангажирани од филмскиот продуцент, при производство на филм наменет за јавно прикажување и

7. ДДВ кој го должи издавачот на фактурата кој не е регистриран за цели на ДДВ или погрешно односно неточно е пресметан во фактурата.

### *5. ПОДЕЛБА НА ПРЕТХОДНИТЕ ДАНОЦИ*

Ако даночниот обврзник ги употребува набавените или увезените добра или примените услуги, како за промет со право на одбивка, така и за промет без право на одбивка на претходниот данок, лицето може да го одбие само оној дел од претходниот данок, кој отпаѓа на прометот со право на одбивка на претходниот данок.

Класификацијата на промет со право на одбивка и на промет без право на одбивка, се врши од страна на даночниот обврзник, врз основа на употребата на добрата или услугите кои се испорачани од клиентите.

Класификација при водењето на деловната евиденција се однесува за основиците (прометот) и данокот на додадена вредност, без оглед дали е од промет или аванси.

Данокот исклучен од правото на враќање според член 35 од точка 2 до точка 7 на законот, не се зема предвид при поделбата.

Министерот за финансии се овластува да донесе поблиски прописи за спроведување на поделбата на претходните даноци и притоа да одобри одредени олеснувања.

### 6. ИСПРАВКА НА ОДБИВКАТА НА ПРЕТХОДНИОТ ДАНОК

Согласно одредбите од член 37, доколку кај одредено инвестиционо средство се променат околностите кои во календарската година на прва употреба, биле одлучувачки за одобрување на претходниот данок, задолжително се врши исправка на одбивката на претходниот ДДВ. Условот е исполнет доколку промената настапи во рок од пет години од почетокот на употребата на средството. Во тој случај се врши порамнување за секоја календарска година на промена, преку исправка на одбивката на претходниот данок, кој отпаѓа на трошоците за негова набавка или производство. За недвижности, рокот изнесува десет години.

При исправката (според став 1 на член 37), за секоја календарска година на промената, се поаѓа од една петтина за подвижни предмети, а за недвижностите, една десеттина од претходниот ДДВ, кој отпаѓа на инвестиционото средство. Во конкретни случаи се земаат предвид и пократки рокови.

Измена на околности постои и ако ДДВ обврзникот го оттуѓил или пренаменил за сопствена потрошувачка, (член 3 став 3 точка 1), се уште наменски подобното инвестициско средство, пред истек на соодветниот рок за исправка според став 1 и 2 од член 37 и доколку оттуѓувањето или сопствената потрошувачка можат поинаку да се оценат за цели на претходниот ДДВ, отколку употребата во првата календарска година.

Став 3 од член 37, важи и ако оттуѓувањето или самопотрошувачката настапиле во календарската година на негова прва употреба.

Исправката според став 3 и 4 на член 37, се врши така, што ќе се смета дека инвестиционото добро се користело во периодот од оттуѓувањето или самопотрошувачката до истекот на соодветниот рок за исправка и натаму за стопанската дејност на даночниот обврзник, според соодветните променети околности.

Министерот за финансии е овластен да донесе поблиски прописи за спроведување на исправка на одбивката на претходниот данок и притоа да одобри одредени олеснувања.

## *7. ВРАЌАЊЕ НА ПРЕТХОДНИОТ ДАНОК НА ДАНОЧНИ ОБВРЗНИЦИ - НЕРЕЗИДЕНТИ ВО ЗЕМЈАТА*

### *7.1. Враќање на данокот на резиденти ДДВ обврзници*

Ако износот на претходниот данок во одреден даночен период е поголем од износот на данокот кој е пресметан за прометот кој го извршил, како и за прометот за кои тој е даночен должник според членот 32-а од законот, разликата му се враќа на даночниот обврзник, врз основа на негово барање, кое го искажува во даночната пријава. Бараната разлика нема да се врати на даночниот обврзник, доколку во даночната пријава е искажано барање за отстапување на разликата на данокот за намирување на даночни обврски на друг даночен обврзник, а доколку бараната разлика е поголема од износот кој се користи за намирување на даночните обврски на друг даночен обврзник, тогаш остатокот ќе се врати на даночниот обврзник. Барањето за отстапување на разликата на данок, може да се искаже во даночната пријава само доколку даночниот обврзник нема долгови по други јавни давачки. Доколку даночниот обврзник не искаже барање за враќање или барање за отстапување на разликата, искажана во даночната пријава, таквата разлика се пренесува како даночна аконтација за следниот даночен период.

Разликата на данокот **се враќа во рок од 30 дена**, по денот на поднесувањето на даночната пријава.

Доколку надлежниот даночен орган е оневозможен да изврши контрола на даночната пријава, по вина на даночниот обврзник, рокот од 30 дена почнува да тече, дури откако се создадени услови за спроведување на контролата.

Неплатените даноци (данок на додадена вредност и други даноци) на даночниот обврзник, како и казнените камати за нив, се пребиваат со побарувањата за исплата.

Кога данокот на додадена вредност при увозот е пресметан и наплатен на добра, кои се ослободени од данокот, или кога се наплаќа поголем данок од износот кој според законот се должи, наплатениот данок, односно повеќе наплатениот данок му се враќа на лицето, кое нема или има делумно право да го одбие претходниот данок, во рокот од 30 дена.

### *7.2. Враќање на ДДВ на нерезиденти*

По исклучок од одредбите од член 39 до 45 и во случај на постоење реципроцитет, на даночни обврзници кои немаат седиште или подружница во земјата и кои не извршуваат никаков промет во неа, или кои не должат данок за прометот, ќе им се исплати, по барање, претходниот данок, кој може да се одбие според членовите од 33 до 36 на законот, според посебна постапка која ја пропишува министерот за финансии.

Исплатата на претходни даноци, за кои постои право на одбивка, според член 46 од Законот, спрема даночни обврзници кои немаат фактичко седиште, подружница, постојано живеалиште или престојувалиште во земјата се врши, (по исклучок од одредбите на член 39 до 45 од Законот, според став 2 до 4 од член 46), доколку даночниот обврзник во соодветниот период на исплата:

1. **немал промет во земјата,** во смисла на член 2 точка 1 од Законот, или
2. **имал** само промет во земјата, **ослободен** од данок во смисла на член 24 точка 3 од Законот, или
3. **имал** само промет во земјата, **за кој** примателот на доброто или корисникот на услугата, **го должи данокот** според член 32 точка 4 од Законот.

Правото за враќање на претходен ДДВ, не важи за претходни даноци, кои можат да се засметаат кон друг вид промет, наместо наведениот промет.

Во наведените случаи, претходниот данок се исплатува само ако во државата, во која даночниот обврзник има седиште, не се наплаќа ДДВ или друг сличен данок или ако, во случај на наплата на ваквиот данок, истиот им се исплатува на даночни обврзници со седиште во земјата.

Период на исплата е календарски месец или временски период од повеќе последователни месеци од една календарска година. Побарувањето за исплата за овој период мора да изнесува **најмалку 30.000 денари**. Во барањето за последниот месец од календарската година, можат да се внесат и претходни даноци, кои отпаѓаат на претходни периоди на исплата од соодветната календарска година.

Побарувањето за исплата за овој период, мора да изнесува **најмалку 15.000 денари**.

Даночниот обврзник може да бара исплата најдоцна до 30 јуни од календарската година, која следи по календарската година, во која настанало побарувањето за исплата, преку пропишан образец доставен до Управата за јавни приходи - Дирекција во Скопје. Тој е должен самиот да го пресмета побарувањето за исплата и да ги докаже износите на претходни даноци, преку **доставување фактури** и докази **за извршен увоз во оригинал**. Барањето за исплата го потпишува своерачно даночниот обврзник.

Даночниот обврзник е должен пред УЈП - Регионална дирекција Скопје да докаже преку службено уверение на државата, во која тој има седиште, дека е регистриран како ДДВ обврзник.

По прием на сите неопходни документи, надлежниот орган е должен барањето за исплата да го разгледа **во рок од шест месеци**, по прием на сите неопходни документи и да го исплати износот.

### *7.3. Даночни обврзници кои имаат право на враќање на данокот на додадена вредност*

Правото на враќање на претходниот данок на нерезиденти се однесува на даночни обврзници кои немаат фактичко седиште, подружница, постојано живеалиште или престојувалиште на територијата на РС Македонија, а имаат статус на даночни обврзници за ДДВ во друга земја.

Тие стекнуваат право на враќање на ДДВ, доколку за цели на својата стопанска дејност во земјата, внесуваат добра во свое име и за своја сметка, или примаат услуги и добра од даночни обврзници во земјата.

Правото на враќање на претходниот данок, се остварува само во случај на постоење на реципроцитет. Однос на **реципроцитет** постои кога во државата, во која даночниот обврзник е резидент, не се наплаќа данок на додадена вредност или друг сличен данок или, во случај на наплата на ваквиот данок, истиот се враќа на даночниот обврзник-резидент на РС Македонија.

Правото на враќање на претходниот данок, се остварува, доколку даночниот обврзник во соодветниот период на исплата:

• Немал промет во земјата согласно со член 2 точка 1 од ЗДДВ.

• Имал само промет во земјата ослободен од данок во смисла на член 24 точка 3 од ЗДДВ.

• Имал само промет во земјата, за кој примателот на доброто или корисникот на услугата го должи данокот според член 32 точка 4 од ЗДДВ.

За враќањето на износи на претходни даноци на даночните обврзници кои немаат фактичко седиште, подружница, постојано живеалиште или престојувалиште на територијата на РС Македонија, не е потребно регистрирање на даночниот обврзник за целите на ДДВ во РС Македонија.

Доколку даночен обврзник, кој не е резидентен во РС Македонија, изврши оданочив промет во земјата кој не потпаѓа под одредбите наведени во претходниот став 3 од ова Упатство, во тој случај прометот во РС Македонија се оданочува во рамките на општата постапка на оданочување според членовите 39 до 45 од Законот за ДДВ.

Притоа, се земаат предвид и претходните даноци поврзани со дадениот промет (член 11 став 2 од ДДВП).

### *7.4. Доказ за регистрација на даночен обврзник*

Даночниот обврзник-нерезидент е должен, според член 11 став 6 од ДДВП, до Управата за јавни приходи да достави писмен доказ за тоа дека е регистриран како даночен обврзник во друга држава. Писмениот доказ за тоа дека истиот е регистриран како даночен обврзник во друга држава, се поднесува на еден од следните јазици: англиски, германски или француски, а еден примерок и на македонски јазик.

#### *7.4.1. Доказ за регистриран ДДВ резидент на РСМ за поврат на ДДВ од друга држава*

Даночните обврзници кои се резиденти во земјата и на кои им е потребен писмен доказ за регистрација за ДДВ, за цели на поднесување на барање за враќање на ДДВ во друга држава, поднесуваат Барање за издавање на уверение за регистрација на даночен обврзник за цели на данокот на додадена вредност (образец ДДВ-Б21) до Регионалната дирекција на Управата за јавни приходи на која припаѓа даночниот обврзник. Врз основа на барањето, Регионалните дирекции на Управата за јавни приходи и Дирекцијата за големи даночни обврзници, издаваат Уверение за регистрација на даночен обврзник, за цели на данокот на додадена вредност (образец ДДВ-21).

Уверението престанува да важи по истек на една година од датата на неговото издавање. За барања за враќање на даноци кои се поднесуваат подоцна од една година по датата на издавање на уверението, се доставува ново Барање за издавање на уверение за регистрација на даночен обврзник за цели на данокот на додадена вредност (образец ДДВ-Б21) и се издава ново Уверение за регистрација на даночен обврзник за цели на данокот на додадена вредност (образец ДДВ-21).

### *7.5. Период на враќање и минимални износи*

Период на враќање е еден календарски месец или период од повеќе последователни календарски месеци од една календарска година (член 11 став 4 од ДДВП).

Враќањето на претходните даноци се условува со утврден минимален износ (член 11 став 4 од ДДВП).

Износот за враќање за еден или повеќе календарски месеци мора да изнесува најмалку 30.000 денари.

Доколку барањето за враќање во еден календарски месец, изнесува помалку од 30.000 денари, износите од тој месец се кумулираат со износите од наредниот месец. Кумулирањето може да се извршува се до месецот кога се исполнува условот за минимален износ од 30.000 денари или до крајот на годината.

Ако побарувањето во календарската година, изнесува најмалку 15.000 денари, за истото може да се поднесе барање за враќање во последниот календарски месец.

Доколку не се постигнат овие износи, враќањето на претходните даноци не е можно.

**Кумулирањето** на износите од годината, **не продолжува** во наредната календарска година.

### *7.6. Постапка за враќање на данокот на додадена вредност*

За спроведување на постапката за враќање на данокот на додадена вредност надлежна е Управата за јавни приходи - Регионална дирекција во Скопје. Барањата за враќање поднесени во другите Регионални дирекции/Дирекција за големи даночни обврзници, Даночни одделенија и Даночни шалтери, се испраќаат до Регионалната дирекција во Скопје.

Барањето за враќање се поднесува со пополнување на службено пропишаниот образец ДДВ-11, најдоцна до 30 јуни од календарската година која следи по календарската година во која настанало правото на одбивка на претходни даноци, според членовите 33 до 36 од Законот за ДДВ. Барањето за исплата своерачно го потпишува даночниот обврзник.

За докажување на правото на враќање, даночниот обврзник е должен самиот да го пресмета побарувањето за исплата и да ги стави на увид во оригинал фактурите и увозните документи. Подносителот на барањето може заедно со оригиналните фактури да достави и нивни фотокопии. По увидот, на оригиналите се става печат дека се поднесени за враќање, истите се враќаат на подносителот, а копиите се задржуваат. Печатот го содржи текстот "Управа за јавни приходи-Регионална дирекција во Скопје-датум _______ - поднесено за враќање на ДДВ".

По враќањето на износите на ДДВ, на фотокопиите се става печат. Печатот го содржи текстот "Управа за јавни приходи-Регионална дирекција во Скопје-датум _______- одобрено враќање на ДДВ".

По прием на сите неопходни документи, Управата за јавни приходи-Регионална дирекција во Скопје е должна барањето за исплата да го разгледа во рок од 6 месеци и да го исплати износот.

За исплатата се издава Решение (образец ДДВ-17), а самата исплата се врши со пренос на средствата од уплатната сметка за ДДВ на денарска сметка на барателот, отворена во домашна банка.

За одбивање на барањето за враќање на ДДВ на даночниот обврзник-нерезидент, му се издава Решение (образец ДДВ-17/1).

**БАРАЊЕ**
**за враќање на данокот на додадена вредност на даночни обврзници кои немаат седиште или подружница во земјата и кои не извршуваат никаков промет во неа**

**ДДВ-11**

** Пополнува Управа за јавни приходи*

**Регионална дирекција Скопје**
ул. „11 Октомври" бр. 27
1000 Скопје

Датум и број на прием: ____________

## ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ

| | |
|---|---|
| ЕДБ на нерезидент | |
| Назив | |
| Адреса на седиште | |
| | е-Пошта: ____ Телефон: ____ |
| Држава | |
| За период | од ____ до ____ |
| Исплатата да се изврши на сметка | |

| Реден број | Број на набавена фактура/ЕЦД | Износ на фактура/ЕЦД (во денари) | Износ на набавен ДДВ што се бара за враќање (во денари) | Датум на плаќање на фактура со ДДВ/ЕЦД со ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | Вкупно: | | |

**Напомена:** Доколку во барањето не се доволни редовите за пополнување на податоците од документите/фактурите кои ги приложувате, потребно е да пополните дополнително барање (образец ДДВ-11).

## ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на подносителот | | Датум на поднесување | |

** Образецот е објавен во „Службен весник на РМ", бр. 110/16 и важи од 31.07.2016 година*

1/1

# БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА УВЕРЕНИЕ
**за регистрација на даночен обврзник за цели на данокот на додадена вредност**

**ДДВ-Б21**

* Пополнува Управата за јавни приходи

Регионална Дирекција ____________

Влезен печат и датум ____________

Архивски број ____________

| | |
|---|---|
| ЕМБГ / ЕДБ | _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ |
| Име и презиме / фирма | ____________ |
| Занимање / вид на дејност | ____________ |
| Адреса / седиште | Улица ............ Број ............<br>Населено место ............ Општина ............<br>е - пошта ............ Телефон ............ |
| Држава за која се бара уверението | ____________ |
| Датум на поднесување и потпис и печат на подносителот | д д м м г г г г<br>Датум<br>М.П.<br>............<br>Потпис |

## УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

На даночниот обврзник кој е резидент во Република Македонија и на кој му е потребен писмен доказ дека е регистриран како ДДВ обврзник, за цели на поднесување на барање за враќање на данок на додадена вредност во друга држава, Управата за јавни приходи издава Уверение за регистрација на даночен обврзник за целите на ДДВ.
Барањето се поднесува до даночната канцеларија на УЈП, под чија надлежност припаѓа даночниот обврзник.

Полињата се пополнуваат на следниот начин:

- **ЕМБГ/ЕДБ** - се впишува Единствениот матичен број на граѓанинот (ЕМБГ), односно Единствениот даночен број (ЕДБ) добиен од УЈП при првата регистрација.
- **Име и презиме, односно фирма** - се впишува името и презимето, односно називот (фирмата) што вообичаено се користи во секојдневното работење.
- **Занимање, односно вид на дејност** - се впишува дејноста што ја врши даночниот обврзник, односно занимањето.
- **Адреса, односно седиште** - се наведува полната адреса на вистинското седиште (улица, број, населено место, општина, телефон и е - пошта).
- **Држава за која се бара уверението** - се впишува државата за која се бара уверението за цели на поднесување на барање за враќање на данокот на додадена вредност.

Наведете го датумот на поднесување на барањето и задолжително потпишете го.

1/1

* Образецот е објавен на веб страницата на УЈП http://www.ujp.gov.mk/mk/obrasci/opis/108 и важи од 14.07.2010 година

# ФИНАНСИИ

*дипл.економист Јулија Минковска*

## *НАЧИН НА ПРЕСМЕТКА НА КАЗНЕНА ЗАТЕЗНА КАМАТА (ЗА ПЕРИОД ОД 01.07 ДО 31.12.2021)*

***Согласно Објавата на Народна Банка на РСМ од 29.06.2021 година, референтната стапка за пресметување на стапката на казнена камата за период од 01.07 до 31.12.2021 година изнесува 1,25%.***

### *ВОВЕД*

Казнена камата преставува надомест за стварната или претпоставената штета што ја трпи доверителот, поради тоа што е лишен од употреба на своите пари, заради задоцнување на должникот.

Казнена камата, претставува казна за неуредниот должник, односно средство за притисок, со цел да се обезбеди навремено исполнување на обврската.

Доверителот има право на казнена камата, без разлика дали претрпел штета поради должниковото доцнење.

Ако штетата, што ја претрпел доверителот, поради должниковото доцнење, е поголема од износот што би го добил на име на казнена камата, тој има право да ја бара разликата до целосниот надомест на штетата.

***До 31.01.2010 година,*** пресметката на затезната камата се вршеше согласно Законот за висината на стапката на затезна камата ("Службен весник на РМ" 65/92; 70/93), односно *со*

***примена на конформна метода*** и со ***стапка на затезна камата во висина на есконтната стапка, што ја утврдуваше НБРМ, зголемена за 200%.***

Новиот начин на пресметка на казнена **камата, почнувајки од 01. 02. 2010 година, се врши согласно член** 266 до 268-а од Измената на Законот за Облигациони односи ("Службен весник на РМ" 161/09) и Одлуката за референтната каматна стапка за пресметување на стапката на казнена камата, која ја објавува Народна Банка на РС Македонија.

## *1. КАЗНЕНА ЗАТЕЗНА КАМАТА (од 01.02.2010 до 31.12.2021 година)*

Согласно член 266 од Законот за Облигациони односи ("Службен весник на РМ" 18/01; 4/02; 5/03; 84/08; 81/09; 161/09; 123/13, 215/2021), ***(во продолжение – Законот),*** должникот кој ќе задоцни со исполнувањето на парична обврска, ***долгува, покрај главнината и казнена камата.***

Стасаноста на обврската за плаќање на казнена камата, се определува согласно со правилата на законот, што се однесуваат на определувањето на времето на исполнување на обврските.

Доколку стасаноста не може да се определи на овој начин, а станува збор за побарување од прометот на стоки и услуги меѓу трговци или трговци и лица на јавното право, обврската за плаќање на казнената камата, стасува во еден од следниве денови, без потреба од доставување опомена:

- **30 дена** од денот на приемот на фактурата или соодветното барање за исплата или;
- **ако денот на приемот** на фактурата или соодветното барање за исплата не може да се определи со сигурност, 30 дена по приемот на стоките или услугите или;
- **ако должник**от ја прими фактурата или соодветното барање за исплата пред приемот на стоките и услугите, 30 дена од приемот на стоките или услугите или;

- **ако со закон** или договор е предвидена постапка за прием или потврдување, со која се утврдува сообразноста на стоките или услугите, а должникот ја прими фактурата или соодветното барање за исплата, пред или на денот на приемот или потврдувањето, **30 дена** од денот на приемот, односно потврдувањето.

## *2. ВИСИНА НА СТАПКАТА НА КАЗНЕНА (ЗАТЕЗНА) КАМАТА*

### *2.1. За денарски обврски*

Согласно член 266-а **од Законот,** стапката на казнената камата се определува **за секое полугодие** и тоа во висина на каматната стапка од основниот инструмент од операциите на отворен пазар на Народната банка на Република Македонија **(референтна стапка),** што важела на последниот ден од полугодието, што му претходело на тековното полугодие, зголемена за :

- **10 (ДЕСЕТ)** процентни поени во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право, (**односно помеѓу две правни лица** );
- **8 (ОСУМ)** процентни поени во договорите, во кои барем едното лице не е трговец - законска казнена камата **(помеѓу правно и физичко лице).**

### *2.2. За девизни обврски*

Кога паричната обврска е изразена или определена в**о** **СТРАНСКА ВАЛУТА,** стапката на казнената камата се определува за секое полугодие и тоа во висина на едномесечна стапка на **Еурибор** за евра, што важела на последниот ден од полугодието, што му претходело на тековното полугодие, зголемена за :

- **10 (ДЕСЕТ)** процентни поени во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право, (**односно помеѓу две правни лица** );
- **8 (ОСУМ)** процентни поени во договорите во кои барем едното лице не е трговец - законска казнена камата (**односно помеѓу правно и физичко лице).**

Во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право, може да се договори и повисока стапка од стапката на законската казнена камата, што важела на денот на склучување на договорот (**договорна казнена камата**), но само кај трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право, но **најмногу до 50 проценти,** повисока, од утврдената законска казнена камата.

Целосно или делумно е ништовна одредбата, со која се договара стапка повисока од стапката на законската казнена камата, ако од околностите на случајот, трговските обичаи или природата на предметот на обврската, произлегува дека со вака договорената стапка на казнена камата, спротивно на начелата на совесност и чесност, еднаква вредност на заемните давања и справедливоста, како и на одредбите за лихварските догово-ри, е предизвикан очигледен несразмер меѓу правата и обврс-ките на договорните страни.

При оценувањето дали одредбата за определување на висината на стапката на договорната казнена камата е ништовна, предвид ќе се земе и дали постоеле оправдани причини за отстапување од висината на стапката на законската казнена камата.

***НАПОМЕНА:* Како лица на јавното право, во смисла на законот, се сметаат лицата кои се обврзани да постапу-ваат според постапката за јавни набавки, (државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа и на градот Скопје, правни лица основани за специфична намена за задоволување на потребите од јавен интерес, здруженија основани од еден или повеќе државни органи, јавните претпријатија, акционерските друштва и друштвата со ограничена одговорност, во кои државата има доминантно директно или индиректно влијание, преку сопстве-ност над нив), освен трговците.**

***НАПОМЕНА*: Народната банка на Република Македонија е должна на секој 2 јануари и на секој 1 јули, да ја објави референтната стапка на својата веб страница, која се применува за тековните шест месеца (до крајот на полугодието).**

## *3. ПРЕСМЕТКА НА КАЗНЕНА (ЗАТЕЗНА) КАМАТА*

Согласно измената на член 266-в од Законот, пресметката на казнената камата се врши со примена на декурзив-ниот едноставен каматен метод на стасаната главнина, **без додавање на казнената камата на главнината.**

Кога пресметката на казнената камата **се врши за пресметковен период подолг од една година**, износот на долгуваната казнена камата се добива така што производот добиен со множење на главнината, стапката на казнената камата и бројот на годините на задоцнување, ***ќе се подели со бројот 100.***

Кога пресметката на казнената камата **се врши за пресметковен период, покус од една година**, износот на долгуваната казнена камата, се добива така што, производот добиен со множење на главнината, стапката на казнената камата и бројот на деновите на задоцнување, ***ќе се подели со бројот 36.500, односно со бројот 36.600 кога годината е престапна.***

### *3.1. Височината на казнена (затезна) камата за период од 01.01. до 31.12.2021 година*

Врз основа на член 266-а став 6 од Законот за облигациони односи и точка 3 од Одлуката за референтна стапка за пресметување на стапката на казнена камата ("Службен весник на РМ" 139/08; 13/10), Народната Банка на Република Македонија, согласно ***Одлука бр. 02-19476/1 од 29.06.2021*** година, **ОБЈАВИ** дека референтната стапка за пресметување на стапката на казнена камата, за период од ***01.07 до 31.12.2021*** година изнесува :

**1,25%**

*3.1.1. Парична обврска изразена во домашна валута*

*а) Утврдување на стапката на законска казнена камата, помеѓу* ***две правни лица:***

| | |
|---|---|
| - Референтна стапка; | 1,25**%** |
| - Зголемување на каматна стапка; | **10%** |
| - Стапка на законска казнена камата (1,25% +10%); | **11,25%** |

*б) Утврдување на стапката на законска казнена камата, помеѓу **физичко и - правно лице:***

| | |
|---|---|
| - Референтна стапка; | **1,25%** |
| - Зголемување на каматна стапка; | **8%** |
| - Стапка на законска казнена камата (1,25% + 8%); | **9,25%** |

*3.1.2. Парична обврска изразена во СТРАНСКА ВАЛУТА*

Кога паричната обврска е изразена во странска валута, стапката на казнената камата се определува за секое полугодие и тоа во висина на едномесечната стапка на **Euribor** за евра, што важела на последниот ден на полугодиета, што му претходило на тековното полугодие.

*а) Утврдување на стапката на законска казнена камата, помеѓу **две правни лица:***

| | |
|---|---|
| - Едномесеча стапка на **Euribor** (**за I полугодие**); | **(-0,555%)** |
| - Зголемување на каматна стапка; | **10%** |
| - Стапка на законска казнена камата (-0,555% + 10%); | **9,445%** |

*б) Утврдување на стапката на законска казнена камата, помеѓу **физичко и - правно лице:***

| | |
|---|---|
| - Едномесеча стапка на **Euribor** (**за I полугодие);** | **(-0,555%)** |
| - Зголемување на каматна стапка; | **8%** |
| - Стапка на законска казнена камата (0,555% + 8%); | **7,445%** |

**НАПОМЕНА: До 01 Февруари 2010 година за пресметка на затена камата се применуваше комфорниот метод, кој претпоставуваше капитализација на каматите на месечно ниво.**

### 3.2. Пресметка на казнена (затезна) камата за период ПОДОЛГ од една година

Кога пресметката на казнената камата се врши за пресметковен период ***подолг од една година,*** износот на долгуваната казнена камата се добива така што производот добиен со множење на главнината, стапката на казнената камата и бројот на годините на задоцнување, ***ќе се подели со бројот 100 (сто).***

Кога пресметката на казнената камата се врши за пресметковен период ***ПОДОЛГ ОД ЕДНА ГОДИНА***, формулата за пресметката е следната:

$$K = \frac{G \times Y \times p}{100}$$

**K –** Казнена камата;
**G –** Главнината **(долг односно побарување);**
**Y –** Број на години за кои се пресметува каматата;
**p –** Стапка на казнена камата.

**ПРИМЕР:** Друштвото "НН" на 01.02.2020 година, продало трговска стока на Друштвото "ММ" во износ од 200.000 денари. Според Договорот, плаќањето требало да се изврши на 01.08.2020 година, но купувачот стоката ја платил на 02.08.2020 година.

Стапката на казнена камата, **изнесува 11,25%.**

**Година на доцнење: 1 година.**

**ПРЕСМЕТКА:**

$$K = \frac{200.000 \times 11,25 \times 1}{100} = 22.500,00 \text{ денари}$$

***3.3. Пресметка на казнена (затезна) камата за период ПОКРАТОК од една година (помеѓу две правни лица)***

Кога пресметката на казнената камата се врши за пресметковен период ***пократок од една година,*** износот на долгуваната казнена камата се добива така што производот добиен со множење на главнината, стапката на казнената камата и бројот на деновите на задоцнување ***ќе се подели со бројот 36.500, односно со бројот 36.600 кога годината е преступна.***

Кога пресметката на казнената камата се врши за период ***ПОКРАТОК ОД ЕДНА ГОДИНА*** формулата за пресметка е следната:

$$K = \frac{G \times Y \times p}{36.500\ (36.660)}$$

**K –** Казнена камата
**G –** Главнината (**долг односно побарување)**
**Y –** Број на години за кои се пресметува каматата
**p –** Стапка на казнена камата

**ПРИМЕР:** Друштвото “НН” на 01.05.2021 година продало трговска стока на Друштвото “ММ” во износ од 120.000 денари. Според Договорот, плаќањето требало да се изврши на 01.06.2021 година, но купувачот стоката ја платил на 01.07.2021 година.

**Денови на задоцнување: 30.**

Стапка на казнена камата за II полугодие 2021 година, изнесува 11,25%.

**ПРЕСМЕТКА:**

$$K = \frac{120.000 \times 11,25 \times 30}{36.500} = 1.110,00 \text{ денари.}$$

**НАПОМЕНА: Кога пресметката на казнената камата се врши помеѓу правно и физичко лице, се зема стапката соодветна за периодот за кој се пресметува казнената камата, утврдена за соодветниот период според дадениот Преглед на висината на стапка на казнена и договорна камата, даден на крајот на текстот.**

**Идентичен резултат се добива и со примена на пропорционален метод:**

$$Ps = \frac{p \times d}{365}$$

**Ps** – Пропорционална стапка за n денови;
**p** - пропишана годишна стапка;
**d** - број на денови за кои се пресметува каматата.

$$Ps = \frac{11,25 \times 30}{365} = 0,925\%$$

**120.000 x 0,925% = 1.110,00 денари.**

***КНИЖЕЊЕ:***

1251 - Побарувања за казнена камата 1.110,00
7742 - Приходи од казнени камати 1.110,00
- (***по каматна листа***);

100 - Трансакциска сметка 1.110,00
1251 - Побарувања за казнена камата 1.110,00
- (***по извод***).

## *5. СТАПКА НА КАЗНЕНА (ЗАТЕЗНА) КАМАТА ЗА ДРУГИТЕ ВИДОВИ НА ОБЛИГАЦИОНИ ОДНОСИ*

Согласно член 266-б од Законот на паричните обврски, што произлегуваат од другите видови на облигациони односи, се применува стапката на законска казнена камата за договорите во кои барем едното лице не е трговец ***(физичко лице)***, за соодветната валута, односно казнената камата се одредува кога референтната стапка на последниот ден од полугодието, ***ќе се зголеми за осум процентни поени (8%).***

Во останатите видови облигациони односи спаѓаат: причинување штета, работоводство без налог, стекнување без основ, еднострани изјави на волја и други облигациони односи утврдени со посебни закони, како што е издршката.

Кога долгот е изразен или определен во странска валута, стапката на казнената камата се определува за секое полугодие, ***и тоа во висина на едномесечна стапка на Еурибор*** за евра, што важела на последниот ден од полугодието, што му претходело на тековното полугодие, ***зголемена за 8 (осум) процентни поени.***

### *5.1. Утврдување стапка на законска казнена камата, кај останати видови облигациони односи*

#### *5.1.1. Утврдување на стапка на законска казнена камата*

- Референтна каматна стапка на НБРМ 1,25**%**
- Зголемување на каматна стапка 8%
- Стапка на законска казнена камата за прво полугодие (1,25% + 8%) 9**,25%**

#### *5.1.2. Утврдување на едномесечна стапка на Еурибор*

- Едномесечна стапка на Еурибор во евра **(-0,555%)**
- Зголемување на каматна стапка **8%**
- Стапка на законска казнена камата за второ полугодие (-0,555 + 8%) 7**,445%**

## *6. УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА СТАПКАТА НА ДОГОВОРНАТА КАМАТА*

Согласно член 388 од Законот, стапката на договорната камата во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право **се определува договорно, но не повисока од стапката на законската казнена камата** утврдена во членот 266-а од Законот, зголемена **најмногу за 50 проценти.**

**Пример:**

- **Стапката на законска казнена камата 11,25%**
- **Износ за зголемување на стапката на законска казнена камата (11,25% x 50%) 5,625%**
- **Стапка на договорна камата (11,25 + 5,625%) 11,88%**

Стапката на договорната камата во договорите меѓу лица **од кои барем едното не е трговец**, не може да биде повисока од стапката на законската казнена камата за соодветната валута, што важела на денот на склучувањето на договорот, односно на денот на промената на каматната стапка, ако е договорена променлива каматна стапка.

Ако во договорите меѓу лица **од кои барем едното не е трговец е договорена повисока каматна стапка** од дозволената, ќе се применува највисоката дозволена каматна стапка за соодветната валута.

**Целосно или делумно е ништовна одредбата за определување на висината на стапката на договорната камата** ако од околностите на случајот, трговските обичаи или природата на предметот на обврската произлегува дека со вака договорената стапка на договорна камата, спротивно на начелата на совесност и чесност, еднаква вредност на заемните давања и справедливоста, како и на одредбите за лихварските договори, е предизвикан очигледен несразмер меѓу правата и обврските на договорните страни.

При оценувањето дали одредбата за определување на висината на стапката на договорната камата е ништовна, предвид ќе се земе и кои биле причините за така определена висина на стапка на договорната камата.

Ако во трговските договори или договорите меѓу трговци и лица на јавното **право е договорена повисока стапка на договорна камата од стапката на законската казнена камата**, а притоа не е договорена договорна казнена камата, по задоцнувањето со исполнувањето на паричната обврска тече само договорната камата.

***Ништовна е одредбата на договорот која предвидува истовремено течење и пресметување на договорна казнена камата и законска казнена камата.***

Доколку во договорите помеѓу лица од кои барем едното не е трговец (***граѓанско лице***) е договорена повисока каматна стапка од дозволената, ќе се применува највисоката дозволена каматна стапка за соодветната валута.

**НАПОМЕНА: Значи дозволено е слободно определување на стапката на договорената камата, со тоа што истата не може да биде повисока од стапката на законската казнена камата, *зголемена најмногу за 50%.***

Според новата измена, произлегува дека највисоко дозволената стапка е различна зависно од видот на валутата, т.е зависно од тоа дали долгот е денарски или девизен.

Во насока на ова е и решението според кое ако во договорите помеѓу лица од кои барем едното не е трговец (***граѓанин***) е договорена повисока каматна стапка од дозволената, ќе се применува највисока дозволена каматна стапка за соодветна валута.

### *6.1. Пресметка на камата кога не е определена стапката*

Согласно член 388 став 6 од Законот, ако плаќањето на каматата е договорено, **а не е определена нејзината стапка**, во договорите меѓу лицата од кои барем **едното не е трговец** се применува каматна стапка ***во висина од 1/3 една третина од стапката на законската казнена камата, за соодветната валута***, а во трговските договори или договорите меѓу трговци и лицата на јавното право се применува каматна стапка ***во висина од 1/2 една половина од стапката на законската казнена камата за соодветната валута***, определена според одредбите на законот.

Доколку плаќањето на каматата е договорено, а не е определена нејзината стапка, во договорите меѓу лицата од кои барем едното не е трговец (***односно е граѓанско лице***), се применува каматна стапка во висина од ***1/3*** (***една третина), од стапката на законската казнена камата, за соодветната валута.***

*6.1.1. Пример за утврдување на стапка во договори помеѓу лицата од кои барем едното* ***НЕ Е ТРГОВЕЦ****, односно е граѓанско лице*

- **Законска казнена камата 11,25%**
- **1/3 од законска казнена камата (11,25% : 3) 3,37%**
- **Стапка на договорна камата 3,37%**

Ако плаќањето на каматата е договорено, **а не е определена нејзината стапка**, во трговските договори или договорите помеѓу трговци и лицата на јавното право, се применува каматна стапка ***во висина од 1/2 (една половина), од стапката на законската казнена камата за соодветна валута***, според одредбите на Законот за Облигациони односи.

*6.1.2. Пример за утврдување на стапката во трговски договори или договорите помеѓу трговци и лицата на јавното право*

- **Законска казнена камата 11,25%**
- **½ од законска казнена камата (11,25% : 2) 5,625%**
- **Стапка на договорна камата 5,625%**

## *7. НОВИ ПРАВИЛА ЗА СТАСАНА, А НЕИСПЛАТЕНА ДОГОВОРНА КАМАТА*

Со измените и дополнувањата на Законот за облигациони односи (“Службен весник на РСМакедонија” 215/2021) се додаде нов член 389-а, **кој се однесува на договорната камата**.

Со измената на членот 389-а, се дефинира дека:

- **Кога износот на стасаната, а неисплатена договорна камата, ќе го достигне износот на главнината, КАМАТАТА ПРЕСТАНУВА ДА ТЕЧЕ.**
- **Одредбата од овој нов член се применува и за неплатената камата од 1 јануари по годината во која стапката на инфлацијата била во рамките на умерена инфлација, односно до 50% на годишно ниво.**
- **Одредбите од овој нов член не се применуваат од 1 јануари по годината во која стапката на инфлацијата е во рамките на голема инфлација, односно над 50% на годишно ниво.**
- **Одлука за прогласување на година на ниска (до 3%), умерена (од над 3% до 50%) или висока инфлација (над 50%) донесува Советот на НБРСМ.**
- **Новините ќе се применуваат од 01.10.2021 година.**

**Пример: Доколку одреден граѓанин или фирма имал долг од пред 10 години, на сума од 1.000 денари, износот на каматите што му се трупале со години и кои на крајот ќе треба да ги плати, да не бидат повисоки од 1.000 денари.**

**Или, тој граѓанин или фирма за овој долг од 1.000 денари, на карајот да не треба да плати сума повисока од 2.000 денари.**

**НАПОМЕНА: Значи согласно Законската одредба кога каматата ќе го достигне износот на главнината на долгот, таа да престане да се пресметува.**

Согласно член 388-б од Законот, ништовна е одредбата на договорот со која се предвидува дека на каматата, кога ќе пристигне за исплата, **ќе почне да тече камата доколку не биде исплатена по нејзиното пристигнување**, освен за депозитите кај банките, штедилниците и другите финансиски институции.

Дозволена е договорена одредба со која однапред се договара зголемување на годишната каматна стапка до највисоко дозволената, **во случај должникот да не ги исплати пристигнатите договорни камати навреме.**

Одредбите за договорната камата, сообразно важат и за другите обврски, што за предмет имаат предмети определени според родот.

**НАПОМЕНА: Ако во трговските договори или договорите помеѓу трговци и лица на јавното право е договорена повисока стапка на договорена камата од стапката на законската казнена камата, а притоа не е договорена договорна казнена камата, по задоцнувањето со исполнувањето на паричната обврска, тече само договорната камата.**

Ништовна е одредбата на Договорот, која предвидува истовремено течење и пресметување на договорна и законска казнена камата.

## ПРЕГЛЕД НА ВИСИНА НА СТАПКА НА КАЗНЕНА И ДОГОВОРНА КАМАТА ОД 01.02.2010 ДО 31.12.2021 година

| Период | Референтна каматна стапка | Казнена камата правно и правно | Казнена камата правно и физичко | Објава на НБРМ | Стапка на EURIBOR | Правно и правно | Правно и физичко |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3=(2+10) | 4=(2+8) | 5 | 6 | 7=(6+10%) | 8=(6+8%) |
| 01.02-30.06. 2010 | 8,5% | 18,5% | 16,5% | **8562 30.12. 2009** | 0,453% | 10,453% | 8,453% |
| 01.07-31.12. 2010 | 5% | 15% | 13% | **4474 30.06. 2010** | 0,485% | 10,485% | 8,485% |
| 01.01-30.06. 2011 | 4% | 14% | 12% | **2521 29.12. 2010** | 0,782% | 10,782% | 8,782% |
| 01.07-31.12. 2011 | 4% | 14% | 12% | **5978 30.06. 2011** | 1,325% | 11,325% | 9,325% |
| 01.01-30.06. 2012 | 4% | 13,75% | 12% | **9901 28.12. 2011** | 1,024% | 11,024% | 9,024% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 01.07-31.12. 2012 | 3,75% | 13,75% | 11,75% | **5631 29.06. 2012** | 0,373% | 10,373% | 8,373% |
| 01.01-30.06. 2013 | 3,75% | 13,75% | 11,75% | **10257 31.12. 2012** | 0,109% | 10,109% | 8,109% |
| 01.07-31.12. 2013 | 3,50% | 13,50% | 11,50% | **23009 28.06. 2013** | 0,123% | 10,123% | 8,123% |
| 01.01-30.06. 2014 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **40842 31.12. 2013** | 0,216% | 10,216% | 8,216% |
| 01.07-31.12. 2014 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **21389 25.06. 2014** | 0,099% | 10,099% | 8,099% |
| 01.01-30.06. 2015 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **40009 29.12. 2014** | 0,018% | 10,018% | 8,018% |
| 01.07-31.12. 2015 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **22941 29.06. 2015** | -0,064% | 9,936% | 7,936% |
| 01.01-30.06. 2016 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **41260 29.12. 2015** | -0,205% | 9,795% | 7,795% |
| 01.07-31.12. 2016 | 4% | 14% | 12% | **21125 27.06. 2016** | -0,205% | 9,795% | 7,636% |
| 01.01-30.06. 2017 | 3,75% | 13,75% | 11,75% | **3845 30.12. 2016** | -0,368% | 9,632% | 7,632% |
| 01.07-31.12. 2017 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **21905 29.06. 2017** | -0,372% | 9,627% | 7,627% |
| 01.01-30.06. 2018 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **39714 26.12. 2017** | -0,368% | 9,632% | 7,632% |
| 01.07-31.12 2018 | 3,00% | 13,00% | 11,00% | **22066 27.06. 2018** | -0,370% | 9,630% | 7,630% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 01.01-30.06. 2019 | 2,50% | 12,50% | 10,50% | **40459 26.12. 2018** | -0,364% | 9,612% | 7,612% |
| 01.07-31.12. 2019 | 2,25% | 12,25% | 10,25% | **21235 26.06. 2019** | -0,388% | 9,612% | 7,612% |
| 01.01-30.06 2020 | 2,25% | 12,25% | 10,25% | **21235 26.06. 2019** | -0,438% | 9,562% | 7,562% |
| **03.04-30.04. 2020 (вонредна состојба)** | **1,75%** | **6,75%** | **5,75%** | **11011 03.04. 2020** | **-0,423%** | **4,577%** | **3,577%** |
| **01.05-31.05. 2020 (вонредна состојба)** | **1,75%** | **6,75%** | **5,75%** | **12262 29.04. 2020** | **-0,460%** | **4,54%** | **3,54%** |
| **01.06-30.06. 2020 (вонредна состојба)** | **1,50%** | **6,50%** | **5,50%** | **14004 29.05. 2020** | **-0,482%** | **4,518%** | **3,518%** |
| **01.07-31.12. 2020** | **1,50%** | **11,50%** | **9,5%** | **15997 30.06. 2020** | **-0,51%** | **9,446%** | **7,49%** |
| **01.01-30.06. 2021** | **1,50%** | **11,50%** | **9,5%** | **31368 24.12. 2020** | **-0,554%** | **9,446%** | **7,446%** |
| **01.07-31.12. 2021** | **1,25%** | **11,25%** | **9,25%** | **19476 29.06. 2021** | **-0,555%** | **9,445%** | **7,445%** |

# ДЕВИЗНО РАБОТЕЊЕ

*м-р Магдица Костадинова*

## РЕГИСТРАЦИЈА НА ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ НА РЕЗИДЕНТИ И НЕРЕЗИДЕНТИ

**Во "Службен весник на РСМ" 213 од 13.09.2021 година објавени се измени на Правилниците со кои се пропишани два нови обрасци (ДИР и ДИН), за упис на директните инвестиции во странство од страна на резиденти, како и за упис на директните инвестиции на нерезиденти во РС Македонија. Правилниците се со примена од 14 Септември 2021 година.**

### *ВОВЕД*

Привлекувањето на странски инвестиции претставува императив на поединечна економија од целиот свет, заради разигрување на економските текови и ресурси.

Вложувањето во странство е предизвикано од можноста за зголемувањето на профитот, проширувањето на пазарите или од други цели од деловен карактер.

Отворањето на македонската економија спрема странство донесе и можност за настапување на нашите субјекти на странските пазари, иако ригидноста и ограничувањата беа присутни до крајот на 2018 година.

Водењето на соодветен регистар и деталната евиденција на вложувањата во странство, како и на странските вложувања во Македонија се наметнува не само како странска пракса, туку и како база за соодветни усогласувања.

Директните инвестиции, се вложувања со кои инвеститорот има намера да воспостави трајна економска поврзаност и/или да оствари право на управување со трговското друштво или другото правно лице, во кое инвестира.

Податоците за трансакциите на директните инвестиции ги опфаќаат:

- движењата помеѓу поврзаните субјекти врз основа на сопственички капитал,
- реинвестирање на добивката и
- должничките инструменти.

Должничките инструменти ги опфаќаат:

- средствата и обврските од/кон поврзаните претпријатија во странство врз основа на заеми на меѓусебно поврзани субјекти,
- трговски кредити,
- аванси на меѓусебно поврзани субјекти и
- средства и обврски врз основа на останати должнички инструменти на меѓусебно поврзани субејкти.

Податоците за трансакциите на директните инвестиции се прикажуваат според пазарната вредност.

Директните инвестиции се меѓународни инвестициски трансакции за стекнување траен економски интерес во претпријатие, коешто е резидент во економија различна од онаа на инвеститорот, како и за стекнување влијание во деловната стратегија на тоа претпријатие.

Согласно со меѓународните препораки и стандарди, критериум за дефинирање на директните инвестиции е учество поголемо од 10% во капиталот.

Статистиката на директни инвестиции ги опфаќа директните инвестиции во странство и директни инвестиции во земјата, со податоци за состојби и трансакции, по земји и дејности.

Во зависност од насоката на инвестирање, разликуваме директните инвестиции во странство (outward direct investments) и директните инвестиции во земјата (inward direct investments).

Директните инвестиции во странство ги опфаќаат вложувањата на директниот инвеститор (правно или физичко лице), резидент, во претпријатието во кое се инвестира, нерезидент.

Директните инвестиции во земјата ги опфаќаат вложувањата на директниот инвеститор (правно или физичко лице), нерезидент, во претпријатието во кое се инвестира, резидент.

Централниот регистар врши упис на вложувања на резидентите во странство и на нерезиденти во РСМ и сите натамошни измени на вложувањата кои се сметаат за директни инвестиции во Регистарот на директни инвестиции на резиденти во странство, односно во Регистарот на директни инвестиции на нерезиденти во РС Македонија, за што издава **потврда** за извршен упис и на секоја натамошна измена на директната инвестиција.

## *2. РЕГИСТАР НА ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ*

Директните инвестиции се во надлежност на Централниот регистар, кој врши упис на вложувања на резидентите во странство, како и на нерезиденти во домашни субјекти и сите натамошни измени на вложувањата, кои се сметаат за директни инвестиции.

По упис во Регистарот на директни инвестиции на резиденти во странство, односно во Регистарот на директни инвестиции на нерезиденти во РС Македонија, како и за секоја натамошна измена на директната инвестиција се издава потврда за извршен упис.

Со уписот на директните инвестиции во Регистарот на директни инвестиции, им се овозможува на инвеститорите пренос на добивка, пренос на финансиски средства, добиени со отуѓување и продажба на сопственички дел во директната инвестиција, како и пренос на остатокот од ликвидационата маса.

Овој пренос е слободен, но под услов инвеститорот да ја регистрирал директната инвестиција и да ги намирил сите законски обврски врз основа на даноци и придонеси во РС Македонија.

Како директни инвестиции се сметаат:

- Основање на трговско друштво во целосна сопственост на инвеститорот;

- Зголемување на основната главнина на трговското друштво во целосна сопственост на инвеститорот;
- Основање подружница;
- Стекнување на целосна сопственост над постоечко трговско друштво;
- Учество во новоформирано или веќе постоечко трговско друштво, ако со тоа инвеститорот поседува или се здобива со повеќе од 10% учество во основниот капитал на трговското друштво, односно повеќе од 10% од правото на одлучување;
- Долгорочен заем со период на достасување од пет и повеќе години, кога се работи за заем од инвеститорот и кој е наменет за трговско друштво во негова целосна сопственост;
- Долгорочен заем со период на достасување од пет и повеќе години, кога се работи за заем наменет за воспоставување на трајна економска поврзаност и ако е даден меѓу економски поврзани субјекти.

### *3. УПИС НА ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ НА РЕЗИДЕНТИ ВО СТРАНСТВО/НЕРЕЗИДЕНТИ ВО МАКЕДОНИЈА*

Под упис на нова инвестиција се подразбира настанување на инвестиција, со вложувања на резидентите во странство, или пак на нерезиденти во домашни субјекти. Вложувањата кои подразбираат намалување или зголемување на веќе постоечка инвестиција, не се впишуваат како нови инвестиции, туку како **промени** на веќе постоечката инвестиција.

Одредена инвестиција може да подразбира и потреба од два или повеќе уписи од различен вид (упис на нова инвестиција или промена на постоечка инвестиција), доколку дел од веќе регистрирана инвестиција се пренесе на нов инвеститор.

Уписот може да се изврши електронски, преку интернет, или пак директно во соодветните канцеларии на ЦРРСМ.

Директна инвестиција е вид на капитална трансакција во вид на:

- Вложувања на резиденти (правно или физичко лице) во странство или

- Вложувања на нерезиденти (правно или физичко лице) во РС Македонија.

Директните инвестиции, се вложувања со кои инвеститорот има намера да воспостави трајна економска поврзаност и/или да оствари право на управување со трговското друштво или другото правно лице, во кое инвестира. Видот на настанување и начинот на реализирање на директна инвестиција, може да биде во:

- **Пари, права, предмет, и тоа како:**
    - Основање на трговско друштво во целосна сопственост на инвеститорот;
    - Зголемување на главнината на друштвото во целосна сопственост;
    - Стекнување на трговско друштво во целосна сопственост;
    - Учество во постојано друштво или здобивање со повеќе од 10% од основниот капитал на друштвото односно со повеќе од 10% од правото на одлучување.
- **Заеми**
    - Долгорочен заем со период од пет и повеќе години, кога се работи за заем од инвеститорот и кој е наменет за трговско друштво во негова целосна сопственост;
    - Долгорочен заем со период од пет и повеќе години, кога се работи за заем наменет за воспоставување на трајна економска поврзаност меѓу економски поврзани субјекти.

- **Подружници, односно Основање подружница од страна на домашен субјект во странство.**

### *4. ПРОМЕНА/БРИШЕЊЕ НА ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ НА РЕЗИДЕНТИ ВО СТРАНСТВО/ НЕРЕЗИДЕНТИ ВО МАКЕДОНИЈА*

Услугата за промена во Регистарот на Директни Инвестиции во случај на резидент кој инвестирал во странство, претставува измена на податоците за претходно внесениот резидент, или на странскиот субјект во кој се инвестира, како и податоци за висината на влогот на запишаната инвестиција. Во одредени

случаи промената на инвестицијата, може да претставува и нејзино целосно бришење од регистарот.

Предмет на промена, може да бидат следните податоци:

- Седиште, назив или идентификациониот број на инвеститорот, или пак на субјектот во кој се вложува;
- Промена на влогот (зголемување или намалување на влогот), преку пренос или продажба;
- Стекнување на влог, кој е веќе впишан како инвестиција;
- Бришење на влогот по пат на стечај или ликвидација на субјектот во кој се вложува;
- Бришење на влогот по пат на пренос или продажба.
- Бришење по пат на целосно исплатен заем (доколку инвестицијата е во форма на заем);
- Друго (пр. статусна промена на субјектот, преку присоединување или делење).

Промената може да се изврши електронски преку интернет, или пак директно во соодветните канцеларии на ЦРРСМ.

## *5. УВИД ВО РЕГИСТАРОТ НА ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ*

Потврдата за издадена информација од Регистарот на директни инвестиции, содржи актуелни податоци за регистрираните инвестиции.

Потврдата за издадена информација се издава по поднесено барање, од страна на секоја заинтересирана странка.

Барањето се поднесува на однапред пропишан образец кој содржи податоци за подносителот на барањето, критериумите за пребарување, вид на информации (актуелна состојба на инвестицијата, историјат на инвестицијата, фотокопие од решение итн.).

Излезниот документ за историјатот на инвестицијата вклучува преглед на движењето на вложувањата во конкретна инвестиција, вклучувајќи:

- Податоци за резидентот/нерезидентот – инвеститор;
- Податоци за движењето и промените на вложен капитал за конкретната инвестиција (историјат);
- Промените во останатите податоци, кои се однесуваат на инвестицијата/инвеститорите.

Увидот во досие претставува можност за преглед на целосната хартиена документација за конкретна инвестиција, односно пристап до архивираните документи за таа инвестиција. Барањето за увид се поднесува на однапред пропишан образец, кој содржи податоци за подносителот на барањето, критериумите за пребарување, вид на информации (актуелна состојба на инвестицијата, историјат на инвестицијата, фотокопие од решение итн.).

Прилог Обрасци ДИР и ДИН, со примена од 14 Септември 2021 година.

Образецот ДИР се доставува за пријавување на упис на директните инвестиции во странство од страна на резиденти.

Образецот ДИН се доставува за пријавување на упис на директните инвестиции на нерезиденти во РСМ.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

бул. К. Ј. Питу бр.1, 1000 Скопје тел.02 3288 100

www.crm.com.mk

## ПРИЈАВА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ НА РЕЗИДЕНТИТЕ ВО СТРАНСТВО

**Образец - ДИР**

**Единствен деловоден број на првата пријава** ☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐ (Се пополнува само за промена)

**Единствен деловоден број** ☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐ (Пополнува Централниот регистар)

**1. Подносител (податоци за лицето кое ја доставува пријавата)**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Презиме | Николовски | Име | Никола | | |
| ЕМБГ | 2704965460872 | Телефон/ e-mail | 075/222333 | | |
| Улица | Бул. Борис Трајковски | Број 1 | Влез 2 | Стан 1 | |
| Место Скопје | Општина Кисела Вода | Држава РСМ | | | |
| Својство на подносителот | ☒ Овластено лице | ☐ Полномошник | | | |

**2. Податоци за резидентот**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на резидентот | ☐ Физичко лице | ☒ Правно лице | | |
| ЕМБГ/ЕМБС/ Број на пасош | 4030782658792 | | | |
| Физичко лице | Презиме | Име | | |
| Правно лице /Фирма | АКАДЕМИЈА ДОО | | | |
| Улица | Бул. Јане Сандански | Број 5 | Влез 2 | Стан 2 |
| Место Скопје | Општина Аеродром | Држава РСМ | | |
| Одговорно лице (само за правни лица): | ЕМБГ/Бр. на пасош | 1805970455039 | | |
| Презиме | Стојановска | Име | Надежда | |
| Целосна адреса: | Мариовска бб | | | |

**3.Тип на регистрација на директна инвестиција (селектирај едно)**

☒ Настанување на директна инвестиција ☐ Промена на директна инвестиција

Страна 1

**4. Податоци за директната инвестиција**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Датум на стекнување/промена на директната инвестиција: | 15.10.2021 | | |
| Шифра на државата | 2 7 6 | Име на државата | Р.Германија |
| Шифра на валутата | 9 7 8 | Име на валутата | euro |

**5. Настанување/зголемување на директната инвестиција**

**5.1 Вид на настанување/зголемување и вкупна вредност**

| | |
|---|---|
| 01. Основање на трговско друштво во целосна сопственост | |
| 02. Зголемување на главнината на друштвото во целосна сопственост | |
| 03. Стекнување на трговско друштво во целосна сопственост | |
| 04. Основање на подружница | 1.000.000,00 |
| 05. Учество во постојно друштво или здобивање со повеќе од 10% од основниот капитал на друштвото односно со повеќе од 10% од правото на одлучување | |
| 06. Долгорочен заем наменет за трговското друштво во целосна сопственост на резидентот | |
| 07. Долгорочен заем за воспоставување на трајна економска поврзаност меѓу економски поврзани субјекти | |
| ВКУПНО | 1.000.000,00 |

**5.2 Начин на реализирање на директната инвестиција и вкупна вредност**

| | |
|---|---|
| 01. Пари | 1.000.000,00 |
| 02. Вложувања во предмети | |
| 03. Права | |
| ВКУПНО | 1.000.000,00 |

**6. Намалување/промена на директната инвестиција**

**6.1 Вид на намалување/промена и вкупна вредност**

| | |
|---|---|
| 01. Пренос | |
| 02. Намалување на капиталот | |
| 03. Исплатено, вратен заем | |
| 04. Стечај и ликвидација | |
| 05. Продажба | |
| 06. Друго | |
| ВКУПНО | |

**7. Податоци за друштвото во странство во кое резидентот има вложување во директна инвестиција**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Назив: STUDENT GMBH | | | | | |
| Идентификационен број на субјектот | 4 , 0 3 0 , 0 0 8 , 6 4 8 | | | | |
| Улица | Hanaustrasse | | Број 55 | Влез | Стан |
| Место | Hamburg | Општина | Држава Germanija | | |

**ЗАБЕЛЕШКА**

| |
|---|
| |

Податоците се користат согласно прописите на Република Северна Македонија

Место____________________ М.П. Овластено лице:____________________

Датум ______________

Страна 3

**ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

бул. К. Ј. Питу бр.1, 1000 Скопје тел.02 3288 100

www.crm.com.mk

## ПРИЈАВА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ НА НЕРЕЗИДЕНТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Образец - ДИН**

| Единствен деловоден број на првата пријава | Единствен деловоден број |
|---|---|
| (Се пополнува само за промена) | (Пополнува Централниот регистар) |

**1. Подносител (податоци за лицето кое ја доставува пријавата)**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Презиме | Маркова | | Име | Елеонора | |
| ЕМБГ/Број на пасош | 2512955450072 | | Телефон/ e-mail | 076232252 | |
| Улица | Антон Попов | | Број 57 | Влез 1 | Стан 18 |
| Место | Скопје | Општина Центар | Држава | РСМ | |
| Својство на подносителот | ☐ Овластено лице | | ☒ Полномошник | | |

**2. Податоци за нерезидентот**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Вид на нерезидентот | ☐ Физичко лице | | ☒ Правно лице | | |
| ЕМБГ/ЕМБС/ Број на пасош | 4030782526984 | | | | |
| Физичко лице | Презиме | | Име | | |
| Правно лице /Фирма | Joint stock company "Marabella" | | | | |
| Улица | Jean Jacques Rousseau | | Број 17 | Влез | Стан |
| Место | Paris | Општина Arrondissement 1 | Држава | Р. Франција | |
| Одговорно лице (само за правни лица): | ЕМБГ/Бр. на пасош | F2725968 | | | |
| Презиме | Jirbent | | Име | Nathalie | |
| Целосна адреса: | Rue Defanse Paris | | | | |

**3.Тип на регистрација на директна инвестиција (селектирај едно)**

☒ Настанување на директна инвестиција ☐ Промена на директна инвестиција

Страна 1

**4. Податоци за директната инвестиција**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Датум на стекнување/промена на директната инвестиција: | | | |
| Шифра на државата | 2 5 0 | Име на државата и место | Република Франција, Париз |
| Шифра на валутата | 9 7 6 | Име на валутата | euro |

**5. Настанување/зголемување на директната инвестиција**

**5.1 Вид на настанување/зголемување и вкупна вредност**

| | |
|---|---|
| 01. Основање на трговско друштво во целосна сопственост | 2.000.000,00 |
| 02. Зголемување на главнината на друштвото во целосна сопственост | |
| 03. Стекнување на трговско друштво во целосна сопственост | |
| 04. Основање на подружница | |
| 05. Учество во постојно друштво или здобивање со повеќе од 10% од основниот капитал на друштвото односно со повеќе од 10% од правото на одлучување | |
| 06. Долгорочен заем наменет за трговското друштво во целосна сопственост на нерезидентот | |
| 07. Долгорочен заем за воспоставување на трајна економска поврзаност меѓу економски поврзани субјекти | |
| ВКУПНО | 2.000.000,00 |

**5.2 Начин на реализирање на директната инвестиција и вкупна вредност**

| | |
|---|---|
| 01. Пари | 2.000.000,00 |
| 02. Вложувања во предмети | |
| 03. Права | |
| ВКУПНО | 2.000.000,00 |

**6. Намалување/промена на директната инвестиција**

**6.1 Вид на намалување/промена и вкупна вредност**

| | |
|---|---|
| 01. Пренос | |
| 02. Намалување на капиталот | |
| 03. Исплатено, вратен заем | |
| 04. Стечај и ликвидација | |
| 05. Продажба | |
| 06. Друго | |
| ВКУПНО | |

Страна 2

**7. Податоци за резидентот во кој нерезидент има вложување во директна инвестиција**

Назив:

МАРАБЕЛА НОВА ДОО

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ЕМБС на резидентот | 5 , 1 6 6 , 6 | | | | |
| Улица | Живко Чинго | | Број 80 | Влез | Стан |
| Место | Скопје | Општина | Центар | Држава | РСМ |

**ЗАБЕЛЕШКА**

Податоците се користат согласно прописите на Република Северна Македонија

Место___________________________ М.П. Овластено лице:________________________

Датум _______________

Страна 3

# ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА

М-р. Христина Игнатоска

## УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

***На сединица одржана на 15 септември 2021 година се донесе новиот Закон за управување со пакување и отпад од пакување, кој е објавен во "Службен весник на РСМ" 215/21 од 16 септември 2021 година.***

### *ВОВЕД*

Со новиот Законот за управување со пакување и отпад од пакување („Службен весник на РСМ 215/21"), се уредуваат барањата за заштита на животната средина и здравјето на луѓето, кои треба да ги исполнува пакувањето при производство, пуштање на пазар и постапување со отпадот од пакување.

Наведената област ги опфаќа обврските на економските оператори и другите субјекти кои учествуваат во процесот на производство и пуштање на пазар на пакувањето, барањата за собирање, повторна употреба, преработка, рециклирање и отстранување, како и други услови за постапување со отпадот од пакување, известување и економски инструменти за постигнување на целите за собирање, преработка и рециклирање на отпадот од пакување.

Целите на Законот се насочени кон намалување на негативното влијание на пакувањето и на отпадот од пакувањето врз животната средина и врз здравјето на луѓето. Унапредувањето на стандардите за заштита на животната средина од страна на економските оператори, во текот на животниот циклус на пакувањето, особено при повторна употреба, преработка и отстранување на отпадот од пакување, исто така се вклучени во основните цели на законот.

## 1. ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

***Пакување*** претставуваат сите производи направени од каков бил материјал од која било природа, кој се користи за чување, заштита, ракување, испорака и презентирање на стоки, од производителот до корисникот и потрошувачот, без оглед дали стоката е суровина или готов производ. Неповратните предмети се сметаат исто за пакување.

Пакувањето може да биде:

а) ***Продажно или примарно пакување*** – пакување кое претставува единствена единица за крајниот корисник или потрошувачна местото на продажбата;

б) ***Групно или секундарно пакување*** – пакување кое како група обвиткува или држи заедно поголем број на основни продажни единици со продажно пакување од ист или различен вид на стоката на местото на продажбата;

в) ***Транспортно или терцијално пакување*** - пакување со кое се олеснува ракувањето и транспортот на продажните единици или групното пакување за да се спречи физичко оштетување при ракување и транспорт (***контејнери не се транспортно пакување***).

***Отпад од пакување*** е секое пакување или материјал за пакување, што создавачот или поседувачот ги исфрла, има намера да ги исфрли или од него се бара да ги исфрли, освен остатоците од производството.

### 1.1. Критериуми за определување на пакување

Критериуми, според кои се оределува кој предмет претставува пакување, се:

1. Предмет се смета дека е пакување доколку е продажно или примерно пакување, групно или секундарно пакување или транспорно или терцијално поакување, без оглед на другите функции кои можеби ги поседуваат, под услов пакувањето да е интегрален дел од производот и е неопходно за чување на нговата содржина, го поддржува или штити производот во текот на целиот негов животен циклус и сите елементи на пакувањето се наменети да се употребуваат, трошат и отстрануваат заедно со производот;
2. Предметот кој е дизјаниран или наменет да се наполни со содржина на местото на продажбата и предметот наменет за еднократна употреба, што се продава, полни или е дизајниран и наменет да се наполни на местото на продажбата, ќе се смета за пакување, под услов да ја исполнува финцијата на пакувањето и
3. Составните делови на пакувањето и помошните елементи на пакувањето, кои се вградени во пакувањето се смета дека се дел од пакувањето во кое се вградени

*Помошни елементи* кои директно се обесени или прикачени на еден производ и кои вршат функција на пакување, се сметаат за пакување, освен ако не се составен дел од тој производ и ако сите елементи се наменети да се користат или да се отстранат заедно со производ.

### *1.2. Пуштање на пазар на пакување*

Пакувањето, може да се пушти на пазарот на територијата на РСМ, ако ги исполнува барањата утврдени со закон, кои се однесуваат на производството и составот на пакувањето, природата на пакувањето, кое може повторно да се користи и преработи, погодноста на пакувањето за преработка или рециклирање, нивото на концентрација на тешки метали, барањата утврдени во стандардите и барањата за идентификација и означување на пакувањето.

Пуштањето на пазар на пакување, претставува снабдување или ставање на располагање, преку производство или увоз на спакуван производ, наменет за консумирање или употреба, за прв пат на пазарот на РСМ.

Кесите за носење на стока, се сметаат дека се пуштени на пазарот во РСМ, кога се продаваат на крајниот корисник.

### *1.3. Пуштање на пазар на кеси за носење на стоки и пластично пакување за еднократна употреба*

Во членот 10 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување („Службен весник на РСМ 215/21") е пропишано дека се забранува пуштање на пластични кеси за носење на стоки на пазарот во РСМ. Исто така, се забранува пуштање на пластично пакување за еднократна употреба во угостителските објекти на територијата на заштитените подрачја на РСМ.

Како исклучок на забраната за пуштање на пластични кеси за носење на стоки, во членот 10 став 3 е пропишано дека со ***плаќање на надоместок од страна на крајните корисници***, е дозволено пуштање на пазарот ***биоразградливи кеси*** за носење на стоки, кои се произведени согласно пропишаните стандарди за биоразградливост, освен многу лесните пластични кеси за носење на стоки.

Надометокот кој е потребно да го плати крајниот корисник за биоразградливите кеси за носење стоки, изнесува ***15 денари за парче*** и истиот се плаќа на трговецот на местото на продажбата.

Трговецот има обврска и е должен да води евиденција на квартална основа за бројот на продадени кеси на продажното место, која ја доставува до стручниот орган и вкупната сума добиена од надоместокот од продадени кеси на квартална основа *ја пренесува на посебна сметка, отворена за таа намена на органот за животна средина.*

## *2. БАРАЊА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА*

Законот пропишува шест барања, со кои би се заштитила животната средина на територијата на РС Македонија.

### *2.1. Барања во поглед на производството и составот на пакувањето*

Пакувањето треба да се изработува на таков начин што волуменот и тежината на пакувањето се ограничени на минималното соодветно количество за одржување на потребното ниво на безбедност, хигиена и прифатливост за спакуваниот производ и за крајниот корисник.

Пакувањето треба да е дизајнирано, произведено и продадено на начин на кој ќе се овозможи повторна употреба или преработка, вклучувајќи и рециклирање, во согласност со хиерархијата за управување со отпад, при што негативното влијание врз животната средина при отстранување на отпадот од пакување или на неговите остатоци настанати при преземање на операциите за постапување со отпад од пакување, ќе се сведе на минимум.

Пакувањето треба да е изработено на начин со кој присуството на штетни и на други опасни супстанции и материи, како состојки на материјалот за пакување или на која било од компонентите на пакувањето, во однос на нивното присуство во емисиите, пепелта или во исцедокот што се создава при согорување или депонирање на отпадот од пакување или остатоци кои се создадени при преземање на операции за управување со отпад од пакување, ќе се сведат на минимум.

### *2.2. Барања во поглед на природата на пакувањата, кои се наменети за повторна употреба*

Пакувањата кои се произведени со намена да бидат повторно употребени, мора истовремено да ги исполнуваат и следниве барања:

1) физичките својства и карактеристики на пакувањето треба да бидат такви, кои ќе овозможат негова повторна употреба во нормално предвидливи услови на користење;

2) да овозможат при преработката на искористеното пакување, да се задоволат барањата во однос на здравствените и безбедносните услови за заштита при работа и

3) да ги задоволува бараните специфични услови за преработка на пакувањето, кога пакувањето ќе стане отпад и нема повторно да се користи.

### *2.3. Барање во поглед на погодноста на пакувањето за преработка*

Пакувањето во поглед на неговата погодност за преработка на материјалот, треба да ги исполнува следниве барања:

1) пакувањето кое може да се преработува преку операции на рециклирање, се изработува на начин што кога ќе стане отпад од пакување ќе може да се рециклира одреден тежински процент од материјалите, кои се користени во изработката на производот, кој е наменет за продажба, во согласност со важечките стандарди. Утврдувањето на овој процент, може да варира во зависност од видот на материјалот од кој се состои пакувањето;

2) пакувањето кое може да се преработи преку операции на енергетска преработка, кога ќе стане отпад од пакување треба да има минимална калорична вредност, за да се овозможи оптимално производство на енергијата;

3) пакувањето, кое може да се преработи преку операции на компостирање, мора да биде изработено на начин што кога ќе стане отпад од пакување да има биоразградливо својство, што нема да го попречува одделното собирање и процесот на компостирање или активноста во којашто се вклучува и

4) пакувањето што е произведено од биоразградливи материјали, мора да биде изработено на таков начин, што кога ќе стане отпад од пакување да биде од таква природа, што ќе може да се подложува на физичко, хемиско, термичко или на биолошко разградување, такашто поголемиот дел од завршниот компост ќе се разградува во јаглерод диоксид, биомаса и вода.

Во смисла на оваа точка, оксо-разградливото пластично пакување, не се смета за биоразградливо.

### *2.4. Барања во поглед на нивото на концентрација на тешките метали во пакувањето*

Вкупното ниво на концентрација на олово, кадмиум, жива и шестовалентен хром или така наречени тешки метали, присутно во пакувањето и во неговиот составен материјал или компоненти, ***не смее*** да надминува 100 ppm од масата на пакувањето, освен за пакување кое во целина е направено од оловно-кристално стакло.

Содржината на тешки метали во пакувањето може да го надминува нивото од 100 ppm од масата за стаклени пакувања, пластични гајби и палети изработени од рециклирани материјали и доколку тешките метали не се намерно внесени во производствениот процес, односно се случајно присутни, како неизбежна последица на процесот на рециклирање.

Производителите се должни да водат контроли за присуството и нивото на тешките метали в пакувањата, како и да водат евиденција и да доставуваат годишен извештај за постапување со тие пакувања до стручен орган.

Резултатите од мерењата извршени во производствени процеси, како и користените мерни методи треба да се чуваат ***најмалку четири години*** и истите да се достапни во секое време на надлежните органи на нивно барање.

### *2.5. Барања во поглед на примената на стандарди при управувањето со пакување и отпад од пакување*

Пакувањата кои се произведуваат и се пуштаат на пазарот на територија на РСМ, треба да се во согласност со европските и националните стандарди за производство на пакување.

Пакувањата ги исполнуваат барањата, доколку се произведени во согласност со:

*1) воспоставените европски стандарди, прифатени како национални, а кои се однесуваат на:*

а) критериумите и методологиите за анализа на животниот циклус на пакувањето;

б) методите за мерење и верификација на присуството на тешки метали и други штетни супстанции во пакувањето и нивното испуштање во животната средина од пакувањето и отпадот од пакување;

в) критериумите за минималната содржина на рециклиран материјал за соодветни видови на пакување;

г) критериуми за методите на рециклирање;

д) критериуми за методите на компостирање и критериуми за создадениот компост и

ѓ) критериуми за означување на пакувањето;

*2) други национални стандарди од областа на квалитетот на пакувањето.*

### *2.6. Барање во поглед на идентификација и означување на пакувањето*

Пакувањето се идентификува и означува во согласност со природата на материјалот од кој е произведено пакувањето, со цел да се олесни собирањето, повторната употреба и преработката, вклучувајќи го и рециклирањето на пакувањето.

Пакувањето треба да биде идентификувано и означено со соодветна ознака на самото пакување или на неговата етикета.

Означувањето треба да ги содржи следниве податоци:

1) видот на материјалот употребен во пакувањето;

2) можноста за повторна употреба доколку постои и

3) можноста за преработка, односно рециклирање доколку постои.

Ознаката треба да биде јасно видлива и лесно читлива при продажбата и при враќањето на пакувањето, издржлива и трајна, дури и кога пакувањето е отворено.

## *3. ОБВРСКИ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ*

Производителите или крајните корисници кои пуштаат на пазар спакувани стоки во РСМ се обврзани да се регистрираат кај стручниот орган, во согласност со начинот и постапката утврдени со прописите за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад.

Производителите кои не се регистрирани во РСМ, а кој пушта на пазарот во РСМ спакувани стоки преку комуникација од далечина (е-трговија), обврските ги извршува преку назначен овластен застапник. Преку назначувањето на овластен застапник обврските се пренесени целосно на овластениот застапник.

### *3.1. Водење на евиденција и известување*

Производителот е должен да води **евиденција** за видот и количината на пакувања, **пуштени за прв пат** на пазарот во РСМ, според видот на материјалот од кој е произведено пакувањето, во текот на една календарска година во пишана и електронска форма.

Производителот најдоцна до 31 март во тековната година е должен до стручниот орган да достави годишен извештај за видот и количината на пакување што го пуштил на пазар во РСМ во претходната календарска година на образец за годишен извештај на пакување и отпад од пакување во пишана и електронска форма. Во годишниот извештај се приложува и забележува доказот за присуство на тешки метали.

Производителот е должен за секој производ да изготви производствена спецификација која содржи информација за тежината на пакувањето на тој производ, вклучувајќи го и неговото групно и транспортно пакување. Производителот е должен врз основа на производствената спецификација да води месечна и годишна евиденција за вкупното пакување кое го пуштил на пазар во РСМ.

Производителот е должен да води и евиденција за количините на отпад од пакување, кој е примен назад, според категорија, во дадена година и за доказот за предадениот отпад од пакување на собирачи или рециклатори, согласно со прописите за управување со отпад.

Податоците од евиденцијата, се чуваат **пет години**, сметано од крајот на календарската година, за која се однесуваат.

Производителот, кој склучил договор со колективен постапувач, согласно со прописите за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад, обврската за доставување на годишен извештај, ја реализира преку колективниот постапувач.

Производителот е должен да доставува квартален извештај до колективниот постапувач, најдоцна до 15 ден во тековниот квартал, за претходниот квартал.

### *3.2. Повратен прием на продажно, групно и транспарентно пакување*

Производителот е должен отпадот од групното и транспортното пакување, непосредно по доставувањето на стоката или при наредното доставување, **бесплатно да го прими назад**, ако трговецот или крајниот корисник сака да го врати.

Ако трговецот или крајниот корисник, самиот ја преземе спакуваната стока од производителот, може отпадот од групното и транспортното пакување да го остави непосредно на местото на преземање или дополнително бесплатно да го врати.

Обврските се применуваат и за продажното пакување, кое истовремено врши функција на групно или транспортно пакување.

Производителот е должен бесплатно да го прими назад отпадот од продажното пакување, кое е комерцијален отпад и не е комунален отпад, кога крајниот корисник сака да го врати и за таквиот отпад не се пропишани посебни начини на третман.

За спроведување на обврските, производителот е должен да уреди одделен простор и да обезбеди опрема за одделно собирање на отпадот од пакување, доколку има продажен простор поголем од 200м2.

Производителот може собраните количини на отпад од пакување, привремено да ги складира одвоено, во свој затворен или отворен простор.

Производителот, кој има продажен простор помал од 200м2 може да уреди простор и да обезбедат опрема за селективно собирање на отпадот од пакување.

Производителот не треба да поседува дозвола за управување со отпад од пакување, согласно со прописите за управување со отпад, за своите простории за повратен прием на отпадот од пакување.

### *3.3. Обврска на производителот за собирање, преработка и рециклирање на отпадот од пакувањето*

Производителот е должен да обезбеди реализација на националните цели, кои се однесуваат на собирање, рециклирање и преработка на отпадот од пакување, настанат од спакуваните производи, пуштени на пазар во РС Македонија.

**Количината** на отпад од пакување, што секој производител **е должен да ја собира, преработи и рециклира** во тековната година е еднаква на нивниот **удел на пакување** од вкупната количина на пакувања, пуштени на пазарот во РСМ во претходната година, по категорија на производи.

Вкупната количина на пакувања, што се пуштени на пазарот во Република Северна Македонија заради одредување на минималната количина за собирање, преработка и рециклирање, се утврдува од страна на стручниот орган, согласно со прописите за проширена одговорност на производители во управувањето со посебни текови на отпад.

Националните цели на РСМ за собирање, преработка и рециклирање на отпадот од пакување, се:

1. за пакувањето што е пуштено на пазарот во РСМ, треба да се соберат следниве количини и тоа:

- 55% за 2021 година,
- 57% за 2022 година,
- 60% за 2023 година,
- 65% за 2024 година,

- 70% за 2025 година,
- 75% за 2026 година,
- 80% за 2027 година,
- 85% за 2028 година.

2. до крајот на 2021 година, најмалку 60% од тежината на отпадот од пакувањето, што е создаден на територијата на РСМ, треба да се преработи со операции на обновување или операции на енергетска преработка;

3. до крајот на 2021 година, минимум 55%, а максимум 80% од тежината на отпадот од пакувањето, што е создаден на територијата на РСМ треба да се рециклира;

4. до крајот на 2021 година, следниве количества на материјали од кои се произведува пакувањето, треба да се рециклираат:

- 40% од тежината за стакло,
- 70% од тежината за хартија и картон,
- 50% од тежината за железни метали,
- 10% од тежината на обоени метали,
- 25% според тежината за пластика, со тоа што се зема предвид само материјалот кој е рециклиран назад во пластика,
- 20% според тежината за дрво;

5. најдоцна до 31 декември 2030 година минимум 65% од тежината на целиот отпад од пакување ќе се рециклира;

6. најдоцна до 31 декември 2030 година, треба да се исполнат следниве минимални цели по тежина за рециклирање, во однос на следниве посебни материјали, кои се содржат во отпадот од пакување:

- 50% пластика,
- 25% дрво,
- 70% железни метали,
- 50% алуминиум,
- 70% стакло,
- 75% хартија и картон;

7. најдоцна до 31 декември 2035 година минимум 70 % од тежината на целиот отпад од пакување ќе се рециклира и

8. најдоцна до 31 декември 2035 година, треба да се исполнат следниве минимални цели по тежина за рециклирање, во однос на следниве посебни материјали, кои се содржат во отпадот од пакување:

- 55% пластика,
- 30% дрво,

- 80% железни метали,
- 60% алуминиум;
- 75% стакло и
- 85% хартија и картон.

Заради постепено постигнување на целите, министерот кој раководи со органот за животна средина, утврдува годишни национални цели за собирање, преработка и рециклирање на отпадот од пакување, во согласност со планските документи усвоени согласно со прописите за управување со отпад, најдоцна до 15 декември во тековната година за наредната година.

Производителот е должен секоја година до 31 јануари да ги утврди своите годишни цели за собирање, преработка и рециклирање на отпадот од пакување, според категорија на отпад во килограми за тековната година, врз основа на својот удел на пакување, пуштено на пазарот во РСМ во претходната година.

Производителот може да утврди прилагодени цели за дадената година, доколку претходните три години пуштил на пазар за прв пат продажно пакување за повторно употреба и кое е повторно употребено, како дел од системот за повторна употреба.

Прилагодените цели се пресметуваат земајќи го предвид просечниот удел во претходните три години на продажното пакување за повторна употреба, пуштено на пазар за прв пат во РСМ и кое е повторно употребено, како дел од систем за повторна употреба на пакувањето.

Производителот, прилагодените цели ќе ги пресметува со одземање на просечниот удел и просечниот удел составен од релевантниот материјал за пакување.

Начинот на пресметување на целите за собирање, преработка и рециклирање на отпадот од пакување, како и начинот на пресметување на прилагодените цели, пријавување на податоците и водењето на евиденцијата, ги пропишува министерот кој раководи со органот за животна средина.

### *3.4. Обврска за финансирање за производителот*

За пакувањето што го пуштил на пазарот на територијата на РСМ, производителот е должен да обезбеди финансирање на трошоците за следните активности:

- повратен прием на отпадот од пакување, согласно со членот 20 од законот,

- одделното собирање, времено чување на отпадот од пакување, најмалку за количината што соодветствува на сопствениот удел во постигнување на минималните национални цели за собирање од членот 21 од законот;
- транспорт, третман, преработка, повторна употреба, односно рециклирање и отстранување на остатокот од преработката на отпадното пакување, најмалку за количината што соодветствува на сопствениот удел во постигнување на минималните национални цели за третман, од членот 21 од законот,
- трошоци за комуникација со јавноста, вклучувајќи и трошоци поврзани со споделување на информации за крајните корисници како во членот 24 од законот,
- трошоци поврзани со финансиската гаранција,
- трошоци за инвестирање во инфраструктура за собирање на отпад што настанува со употребата на производот за да се обезбеди селекција на секој посебен вид на отпад за кој производителот има обврски за управување,
- редовно преземање на отпадот од пакување собран од трговецот согласно со членот 27 од законот,
- редовно преземање на отпад од пакување создаден од домаќинствата, од овластени собирачи, кои се собрани како одделна фракција на собран комунален отпад, како и
- исполнување на други обврски, што се утврдени за производителот во одредбите од законот.

За исполнување на обврските, **малиот производител**, плаќа **паушален надоместок** во износ од **6.000 денари** на годишно ниво на посебна сметка на Буџетот на органот за животна средина и истиот се плаќа при регистрацијата како мал производител за тековната година. Првиот надоместок, малиот производител го плаќа при регистрацијата.

Трошоците за постапување со отпадот од пакување, производителот **не смее да ги прикажува одделно,** при продажбата на спакуваната стока, освен за наплатата на биоразградливите кеси за носење на стоки и кауцијата.

### *3.5. Финансиска гаранција*

Производителот е должен да обезбеди финансиска гаранција за спроведување на своите обврски кои произлегуваат од законот, а кои се однесуваат за собирање, третман и преработка, како и рециклирање на отпадот од пакување.

Финансиската гаранција се обезбедува за секоја календарска година, согласно со прописите за проширена одговорност на производителот, за управување со посебни текови на отпад.

### *3.6. Информации за корисници на пакување*

Производителот е должен на соодветен начин да ги информира трговецот и крајниот корисник за битните својства на производот и неговото пакување, во поглед на опасните и штетните материи и супстанции, кои тие ги содржат и за начинот на постапувањето со пакувањето, кога тоа ќе стане отпад од пакување.

Производителот е должен за секој вид на материјал од кој е произведено пакувањето, кое го пушта на пазар да поседува податоци за количината на тешки метали.

Производителот е должен да организира кампањи за информирање на крајните корисници и подигање на јавната свест за:

- воспоставените системи за враќање, собирање и преработка на отпадот од пакување,
- нивната улога и придонес за повторната употреба, преработката и рециклирањето на пакувањето и отпадот од пакување,
- значењето на етикетите и означувањето на пакувањето кои постојат на пазарот и
- соодветните информации и податоци содржани во планските документи усвоени согласно со прописите за управување со отпадот, а кои се однесуваат на управување со пакување и отпад од пакување.

Производителите на пластични кеси за носење на стоки, ги информираат крајните корисници, со цел подигнување на свеста за негативните последици за животната средина, од прекумерната потрошувачка на пластични кеси за носење на стоки.

### *3.7. Преземање на обврските на производителот*

Производителот е должен на свој трошок да обезбеди исполнување на обврските и целите, преку враќање, собирање, преработка и рециклирање на отпадот од пакување, кој е создаден со пуштањето на пазар на спакувани стоки во РСМ.

Производителот е должен да обезбеди:

- редовно преземање и собирање на користеното пакување и отпадот од пакување од крајниот корисник и од домаќинствата, со цел да се процесираат во системот за управување со отпад од пакување и
- повторна употреба, преработка, вклучувајќи и рециклирање на собраниот отпад од пакување.

Производителот, исполнувањето на обврските може да ги остварува со склучување на договор за преземање на обврските за постапување со отпадот од пакување, со колективен постапувач со отпад од пакување, кој е основан и поседува дозвола, согласно со прописите за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад.

### *3.8. Обврски за мал производител*

Обврските, кои се пропишани во членот 25, не се однесуваат на производител, кој годишно пушта на пазарот во РСМ, спакувани стоки во количини, исти или помали од:

- 800 кг стакло,
- 100 кг пластика,
- 10 кг пластични кеси,
- 300 кг хартија, картон како и повеќеслојно пакување најмногу составено од картонски делови,
- 100 кг метал или
- 100 кг дрво.

Производителот е должен да се регистрира, како и да води евиденција и доставува извештај, во согласност со законот.

Производителот до 15 јануари, поднесува барање до стручниот орган за добивање на решение за мал производител, во кое се наведува и количеството на спакувани стоки, која производителот има намера да ја пушти на пазарот во РСМ, во тековната година.

Стручниот орган, со решение утврдува дали производителот ги исполнува условите за мал производител за тековната година, во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето.

Стручниот орган е должен во Регистарот кој се води согласно со прописите за проширена одговорност на производителот за управување со посебни текови на отпад одделно да ги води производителите и видот и количините на пакувањето за кое издал решение за мал производител.

Производителот, не е должен да обезбеди управување со отпадот од пакување доколку количината на пакување кое е пуштено на пазар не ги надминува количините на годишно ниво, но е должен да го плати годишниот паушален надоместок.

## *4. ОБВРСКИ НА ТРГОВЕЦОТ*

### *4.1. Обврски за повратен прием на пакување*

Трговецот ги има истите обврски за повратен прием на пакување, како производителот.

Трговецот ***не треба*** да поседува дозвола за управување со отпад од пакување, согласно со прописите за управување со отпад, за своите простории за повратен прием или места за преземање на отпад од пакување.

Трговецот е должен да го предаде собраниот отпад од пакување без да го модифицира истиот, на собирач или оператор за управување со отпад, кој претставува дел од колективен постапувач, со задолжителен транспортен и идентификационен формулар, согласно со прописите за управување со отпад.

Трговецот за исполнување на обврските, склучува договор со колективен постапувач, со времетраење од најмалку една календарска година, во кој се уредуваат правата и обврските за предавање на отпадот од пакување, преземен или создаден во своите простории.

Отпадот од пакување, кој е земен назад или е создаден од трговецот, се пресметува во националните цели за собирање на отпад од пакување.

Обврската за повратен прием на трговецот, не може да се пренесува од трговецот на друг субјект.

Трговецот самостојно или во договор со производителот, може да ги охрабри крајните корисници да го враќаат отпадот од пакување, со цел зголемено предавање на отпад од пакување, преку понуди за попусти при купување нови спакувани производи или со други поттикнувачки мерки.

### *4.2. Превземање на отпадот од пакување од трговецот*

Трговецот во договор со производителот, може да овозможи повратен прием на отпадот од пакување на локации каде преземањето е овозможено од производителот.

Приемот на отпадот од пакување, не влијае врз обврските на трговецот.

Производителот е должен без надоместок да го презема отпадот од пакување од трговецот и трговецот не може да бара надоместок за преземање на отпадот од пакување, од производителот.

### *4.3. Евиденција како обврска на трговецот*

Трговецот е должен да води евиденција за количините на преземениот отпад од пакување, **според вид и категорија**.

Евиденцијата треба да биде достапна во просторијата на трговецот, каде се врши трговијата и во секое време да биде достапна на надлежните органи.

Трговецот е одговорен за сеопфатноста и точноста на пријавените податоци со евиденцијата.

Трговецот, за спакуваната стока што ја продава, е должен да обезбеди од производителот, од кого е донесена стоката, ***потврда*** од колективен систем за управување со пакување и отпад од пакување, односно ***потврда, дека производителот го платил надоместокот.***

# НЕСТОПАНСТВО

*дипл.економист Јулија Минковска*

## *КОРИСТЕЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИ ВОЗИЛА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР*

***Начинот на користење и одржување на службените возила во јавниот сектор е регулирано согласно Одлуката за начинот на користење и одржување на службените возила објавена во ("Службен весник на РС Македонија" 214/2021).***

### *ВОВЕД*

Согласно Одлуката за начинот на користење и одржување на службените возила, (***во продолжение Одлуката***), се утврдуваат начинот на користење и одржување на службените возила кои се во сопственост, односно се користат во министерствата и другите органи на државната управа.

Службено возило во смисла на оваа одлука е секое патничко моторно возило кое е во сопственост, **односно се користи во државните органи** и за чие управување е потребно соодветна возачка дозвола од соодветната категорија.

Под службено возило во смисла на оваа одлука не се опфатени патнички моторни возила кои се во сопственост односно се користат во Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање.

Службени потреби во смисла на оваа одлука се дејствија што произлегуваат од надлежноста на државниот орган.

Корисници на службени возила се носителите на јавни функции именувани од страна на Владата и вработените во органите на државната управа кои користат службени возила за службени потреби, со исклучок на службените лица со посебни овластување вработени во државните органи од областа на безбедноста, одбраната и разузнавањето, заради извршување на посебни овластувања согласно закон.

**Службено возило** од вработен во орган на државна управа **се користи по претходно одобрување** од раководното лице на државниот орган или лице овластено од раководното лице на државниот орган.

Службените возила не смее да се користат за одење до и враќање од работа или за други приватни потреби.

## *1. НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ ВОЗИЛА*

Согласно член 3 од Одлуката, за службено возило кое се користи во подрачјето на седиштето на државниот орган корисникот треба да има **МЕСЕЧЕН ПАТЕН НАЛОГ. (види прилог 1).**

Службено возило за службен пат се користи, ако корисникот има одобрен **ПАТЕН НАЛОГ (види прилог 2)** за службеното патување.

Користењето на службените возила треба да биде одобрено, оправдано, наменско и рационално и во сообразност со визијата, мисијата, целите и делокругот на работата на државниот орган, согласно неговите надлежности.

**Службеното возило може да го управува корисникот и/или возачот кој има важечка возачка дозвола од соодветна категорија.**

Секој корисник и/или возачот на службеното возило кој располага со уреден патен налог, пред отпочнување на користење на возилото, претходно **треба да изврши внесување во месечниот патент налог**, податоци за часот на преземање на возилото, датумот и состојбата на поминати километри во моментот на преземање на возилото.

Евентуалните механички и други оштетувања што настанале при употреба на службеното возило, корисникот ги пријавува на лице или лица на кои им е доверено чувањето, следењето на техничката исправност, одржувањето, сервисирањето и пријавувањето на дефект, како и други работи поврзани со одржување на возилото/возилата.

**При користење на службеното возило, корисникот на возилото користи** нафта и нафтени деривати од правниот субјект, со кој е склучен договор за јавна набавка на стоки, за чие користење корисникот на возилото, обезбедува уредни и веродостојни сметководствени документи и со истите во еден примерок од патниот налог, **се раздолжува кај соодветниот сектор за финансиски прашања**.

Приложената фискална сметка/уредни сметковотствени документи, се авторизираат од раководното лице на државниот орган или од лицето овластено од раководното лице на државниот орган.

По завршување на потребата од користење на службеното возило, **корисникот и/или возачот го затвора месечниот патен налог,** со пополнување на податоци за часот на враќање, состојбата на километражата и бројот на изминати километри.

За користење на службено возило во странство, корисник и/или возачот на службеното возило, ги обезбедува потребните документи од надлежните институции (зелен картон, меѓународна возачка дозвола, полномошно за користење на возилото, и сл.) и **треба да има Решение за службено патување во странство и патен налог.**

## *2. ЧУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ ВОЗИЛА*

Корисникот и/или возачот на службеното возило, го паркира возилото на паркинг простор наменет за возила на државниот орган, до крајот на работното време на органот или по завршување на службената потреба.

### *2.1. Следење на техничката исправност на службените возила*

Согласно член 6 од Одлуката, следењето на техничката исправност на службеното возило го врши лицето задолжено за одржување на службените возилата, при што користи **ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА НА СЛУЖБЕНО ВОЗИЛО. (види прилог 3).**

Лицето задолжено за одржување на службените возила го проверува возилото пред неговата употреба, по претходно добиено известување од корисникот на службеното возило, за периодот за кој службеното возило ќе се користи и доколку кон-

статира одредени состојби, кои упатуваат дека возилото не може да се користи, за истото го известува корисникот на службеното возило, раководното лице на државниот орган, односно лицето овластено од раководното лице на државниот орган.

### *2.2. Одржување, сервисирање и пријавување на дефект на службените возила*

Согласно член 7 од Одлуката, лицето задолжено за одржување на службените возила, води грижа за континуирано одржување на внатрешната и надворешната хигиена на возилото, а по потреба презема активности за одржување на хигиената при што истите ги носи на овластен сервис за перење на возила, а за извршената услуга, поднесува уредни и веродостојни сметководствени документи, до соодветниот сектор за финансиски прашања.

Службените возила подлежат на редовен и вонреден сервис во зависност од потребата.

**За редовните сервиси, лицето задолжено за одржување на возилата води евиденција во КАРТОН НА РЕДОВНИ СЕРВИСИ. (види прилог 4).**

Доколку се констатира одреден проблем на службеното возило, лицето задолжено за одржување на службените возила, го носи возилото во овластениот сервис/добавувач со кој државниот орган склучил договор за одржување и сервисирање на возилата, согласно одредбите на Законот за јавни набавки.

За извршените сервиси на службеното возило, лицето задолжено за одржување на службените возилата, води евиденција во **СЕРВИСЕН КАРТОН. (види прилог 5).**

Службеното возило кое е ново набавено и истото е сè уште под гарантен рок, сервисирањето се врши од страна на правното лице од каде е набавено возилото или овластен сервис од него.

Лицето задолжено за одржување на службените возила ***најдоцна 15 дена пред и 15 дена*** по изминување на периодот за носење на зимска опрема, треба да организира промена на опремата на возилото од летен во зимски режим и обратно.

Секој корисник на службено возило, кој ќе забележи на службеното возило дефект, истиот го пријавува кај лицето задолжено за одржување на службените возила, кое е задолжено да изврши дијагностика на дефектот и во зависност од потребите,

ги презема потребните активности за сервисирање на возилото и информирање на раководното лице на државниот орган или лицето овластено од раководното лице на државниот орган.

За упатување на службеното возило на дијагностика на дефектот, се изработува налог во два примерока, претходно одобрен од раководното лице на државниот орган или од него овластено лице.

Доколку дефектот на службеното возило, настане надвор од подрачјето на седиштето на државниот орган, корисникот на возилото го известува лицето задолжено за одржување на службените возила, кое дава насоки за начинот на постапување.

Секоја поправка извршена на службеното возило, кое е во сопственост, односно го користи државниот орган, лицето задолжено за одржување на службените возилата ја внесува во **МАТИЧЕН КАРТОН. (види прилог 6).**

### *2.3. Оштетување или кражба на службено возило*

Согласно член 8 од Одлуката, **доколку при користење на службено возило, настане негово оштетување, корисникот на возилото го известува лицето задолжено за одржување на службените возила** и во зависност од добиените насоки пристапува кон изработка на европски записник или повикува асистенција од надлежен орган за изготвување на записник, согласно закон.

Доколку при користење на службено возило **настане кражба на истото,** корисникот на возилото веднаш го известува лицето задолжено за одржување на службените возила и во исто време во најблиската полициска станица, ја пријавува кражбата.

## *3. ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ ВОЗИЛА*

Согласно член 9 од Одлуката, лицето задолжено за одржување на службените возила, води евиденција во Матичен картон на службено возило.

Државните органи најдоцна 30 дена од денот на влегувањето во сила на одлуката донесуваат интерени акти, со кои подетално се утврдуваат правила за начинот на користење, одржување, чување и евидентирање на службено возило, како и се определува нивото на лицата, кои може да се овластат за користење/управување на службено возило и истите да ги објават на веб страницата на органот.

**НАПОМЕНА: Одредбите од Одлуката соодветно се применуваат и во правните лица, основани од Владата на РС Македонија, како и на лицата избрани/именувани од Владата на РС Македонија во органите на правните лица основани од Владата.**

## *4. ОБРАСЦИ ЗА КОРИСТЕЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ ВОЗИЛА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР*

***(ПРИЛОЗИ ВО ПРОДОЛЖЕНИЕ)***

ПРИЛОГ БРОЈ 1- Месечен налог за користење на патничко моторно возило / службено возило

---------------------------------------------------
(назив на државниот субјект)

Скопје

Сектор: ----------------------------------

(Име и презиме на корисникот на возилото)

--------------/-------------/-------------- година

---------------------------------------------------------
Месец за евиденцијата

(работно место – положба, звање)

## Месечен налог за користење на службено возило

| Датум | Име и презиме на возачот на возилото | Правец на возење | | Автомобил | | | Вид на службена работа | Време на | | Број на километри | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | од | до | марка | вид | рег. број | | поаѓање | враќање | пред | по | поминати |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |

(потпис на возачот)

(потпис на корисникот)

Заверува/одобрува

(овластено лице)

ПРИЛОГ БРОЈ 2 - Налог за службено патување со патничко моторно возило / службено возило

| | | |
|---|---|---|
| ---------------------------------------- (назив на правниот субјект) | Скопје | ------------/------------/------------ година |
| Сектор: ---------------------------------------- | | Реден број на евиденцијата |

## Налог за службено патување со патничко моторно возило/службено возило

---------------------------------------- (презиме и име на корисникот)

---------------------------------------- (работно место – положба, звање)

---------------------------- (назив на возилото) ---------------------------- (регистарски број) од ---------------------------- (место на поаѓање) до ---------------------------- (место на определување)

------------------------------------------------------------------------------------------------

(опис на работата – службеното дејствие што се врши)

Време на поаѓањето ------------------------------ Време на враќање ------------------------------

Состојба на броилото при поаѓање ------------------ км.

при враќање ------------------ км.

Број на поминати километри ------------------ км.

Заверува/одобрува

(потпис на возачот) (потпис на корисникот) (овластено лице)

**ПРИЛОГ БРОЈ 3- Листа за проверка на патничко моторно возило / службено возило**

| ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА НА ВОЗИЛО | | | | | | | | Тип на возило: | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | Регистерски број: | |
| Дата | Презиме и име на возач | Каросерија | Ентериер | Вода/антифриз | Масло | Акумул. | Кочници | Ел. сигнализација | Забелешка |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

**ПРИЛОГ БРОЈ 4 – Картон за редовни сервиси на патнички моторни возила / службено возило**

| ЛИСТА НА РЕДОВНИ СЕРВИСИ | | | | | | год. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| р.б. | МАРКА на возило | Рег. бр. | Датум на I – сервис/(км) | Забелешка | Планирана сервис (км) | Забелешка |
| 1 | | | | | | |
| 2 | | | | | | |
| 3 | | | | | | |
| 4 | | | | | | |
| 5 | | | | | | |
| 6 | | | | | | |
| 7 | | | | | | |
| 8 | | | | | | |
| 9 | | | | | | |
| 10 | | | | | | |
| 11 | | | | | | |
| 12 | | | | | | |
| 13 | | | | | | |
| 14 | | | | | | |
| 15 | | | | | | |
| 16 | | | | | | |
| 17 | | | | | | |

Одговорно лице

---------------------------------------------

(Име и презиме)

ПРИЛОГ БРОЈ 5 – Сервисен картон за тековно одржување на патнички моторни возила / службено возило

| СЕРВИСЕН КАРТОН<br>за тековно одржување на возило | | | |
|---|---|---|---|
| Марка и тип на возило: | | Број на мотор: | (промена) |
| Регистерски број: | | Број на шасија: | (промена) |
| Година на производство: | | Димензии на гуми: | |
| ЗАБЕЛЕШКА: | | | |

| дата | Поминати (км) | Гориво (л) | Масло (л) | Подмачкување (л) | Масло за хидраулички систем (л) | Течност за кочници (л) | Антифриз (л) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

ПРИЛОГ БРОЈ 6 – Матичен картон за патничко моторно возило / службено возило

| МАТИЧЕН КАРТОН НА ВОЗИЛО | | | |
|---|---|---|---|
| Марка и тип на возило: | | Број на мотор: | (промена) |
| Регистерски број: | | Број на шасија: | (промена) |
| Година на производство: | | Димензии на гуми: | |
| Податоци за раегистрација | | Сила на мотор/зафатнина | |
| ЗАБЕЛЕШКА: | | | |

| Дата | Сервисна организација | Работен налог бр. | Опис на операцијата | Назив на делот | Количина | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

# ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ

дипл.економист Јулија Минковска

## П Л А Т И
## ЗА МЕСЕЦ СЕПТЕМВРИ 2021 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2021 година (за даноци и придонеси)* | *41.141,00* |
| *НАЈНИСКА основица за ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ 50% од просечна месечна бруто плата, исплатена во РМ за 2021 година, за образец (МПИН)* | *20.571,00* |
| *НАЈВИСОКА основица за пресметка на придонеси (16 просечни бруто плати - (16 x 41.141 )* | *658.256,00* |
| *Даночно МЕСЕЧНО намалување за 2021 година* | *8.438,00* |
| *Дневница за службени патувања од 21.09.2021* | *2.293,00* |
| *Просечна исплатена месечна НЕТО плата по вработен за 2020 година* | *27.182,00* |
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2020 година* | *40.566,00* |

### *1. ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА МЕСЕЧНА БРУТО ПЛАТА ПО ВРАБОТЕН ЗА / 2021 ГОДИНА*

Просечо исплатена месечна ***БРУТО*** плата по работник во РС Македонија, за ***2021*** година, изнесува:

| |
|---|
| ***41.141,00 денари.*** |

Просечната плата се користи за утврдување на најниската и највисоката основица за пресметка на придонесите од задолжително социјално осигурување и тоа за пресметките за плата, кои се однесуваат за период ***ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ 2021 година.***

## *2. НАЈНИСКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

### *2.1. Најниска основица за вработени лица*

Согласно член 15 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на РМ" 142/08... 171/17; 35/18; 247/18), ***Основица*** за пресметување и плаќање на придонесите од плата, односно основица за осигурување за тековната година, ***не може да биде пониска од 50%*** од просечна плата по работник во РС Македонија, ***објавена во Јануари во тековната година***, според податоците на ДЗС, **која за *2021* година, изнесува:**

| |
|---|
| ***20.571,00 денари (41.141,00 x 50%).*** |

### *2.2. Најниска основица за самовработени лица*

| |
|---|
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА – вршител на самостојна економска дејност (таксисти, занаетчии)*** <br> ***20.571,00 денари;*** |
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА*** **– вршител на професионална и друга интелектуална дејност (*****адвокати, нотари, извршители)*** <br> ***41.141,00 денари;*** |
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА – вршител на професионална и друга интелектуална дејност (адвокати, нотари, извршители) до истекот на првата година на отпочнување на дејност:*** <br> ***20.571,00 денари.*** |

## *3. НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

### *3.1. Највисока основица за вработени лица*

Согласно член 16 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување***, НАЈВИСОКА месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос е износот ***од (16) шеснаесет просечни плати,*** кој износ ***за 2021 година***, изнесува:

***658.256,00 денари (16 x 41.141,00 денари).***

### *3.2. Највисока основица за самовработени лица*

***НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА*** за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од *(12) дванаесет просечни плати.*

***493.692,00 денари (12 x 41.141,00 денари)***

### *3.3. Највисока основица за вработени лица за извршен член на одбор на директори, Член на управен одбор, односно управител во трговско друштво*

